# ЦРВЕН КРСТ ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ
## за работа во 2024 година

**март 2025 г.**

# ВОВЕД

И во годината што измина бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици, но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвен крст Охрид за да се чувствуваат исполнето и среќно. Особено сме горди што желбата за волонтирање и поддршка на заедниците е секогаш присутна во нашата средина. А со помош на нашите волонтери од сите генерации успеавме да бидеме поблиску до нашите корисници на услуги и сите заедно преку хуманитарната работа градевме доверба, градевме сочувство, мир и толеранција и верба во подобро утре.

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2024 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2024 година.

Црвен крст Охрид преку своите активности за заштита и справување со катастрофи, заедно со одговорните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од катастрофи и активно продолжи да работи на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците од климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори. Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравми лицата во трето доба, обезбедувавме поддршка за најмладите, ги помагавме хендикепираните, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор  во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницираме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население. Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина. И уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Нашите постигнувања се поттик за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2024та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

**РАКОВОДЕЊЕ**

Во текот на 2024 година беа одржани 8 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид, а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2025 г.

# ДИСЕМИНАЦИЈА И ПХВ

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 140 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Мимоза Ставрева, Весна Терзиоска, Валентина Кузманоска, Георги Ставрески, Арсениј Ѓоршески, Методија Стојаноски.

**НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ**

"Да живее хуманоста"– тоа е мотото со кое Црвен крст Охрид со низа активности, го започна одбележувањето на 8ми мај-Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај. По тој повод на 09.05.2024 г., најпрвин делегација на Црвен крст Охрид и Здружението „Анри Динан“ од Струга,  волонтерите од Клуб на млади и од програмата за Грижа за стари лица од Црвен крст Охрид, положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан, основоположникот на движењето на Црвениот крст.
Истотака, во рамки на активностите поврзани со Светскиот ден на Црвен крст и Црвена полумесечина, беше организиран и прием на деца од Детската градинка Јасна Ристеска каде од страна на секретарот Мимоза Ставрева беа запознаени со мисијата на Црвениот крст, принципите на движењето и активностите најголемата хуманитарна организација во светот. Активностите на Црвениот крст продолжуваат и во Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај каде ќе бидат одржани дисеминациски сесии со најразлични целни групи со цел да се истакне хуманоста и солидарноста како вредности кои треба да се негуваат и практикуваат од мали нозе во текот на целиот живот.

**Дисеминациски сесии**

- Дисеминациска сесија со ПХВ младинци – Во рамки на новиот ЦКА-ПХВ циклус на 17.02.2024 година се одржа дисеминација за новите ПХВ младинци од страна на дисеминаторот Методија Стојаноски и неговиот помошник Арсениј Ѓоршески. На работилницата 30 младинци се запознаа со движењето на Црвен крст, принципите на организацијата, амблемите и нивното значење, како и активностите на младите. Дисеминацијата за Црвен крст е важен дел којшто мора да го помине секој волонтер, со цел да ги знаеме основите за нашата организација, како да се однесуваме кога сме дел од неа и најбитно од се', кои можности ни ги нуди Црвениот крст и каде се можеме да ја покажеме нашата хуманост.
- Дисеминациска сесија со деца од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Во рамки на активностите поврзани со Светскиот ден на Црвен крст и Црвена полумесечина, на 09.05.2024 година беше организиран и прием на деца од Детската градинка Јасна Ристеска каде од страна на секретарот Мимоза Ставрева

беа запознаени со мисијата на Црвениот крст, принципите на движењето и активностите најголемата хуманитарна организација во светот. Овие дисеминациски сесии со најразлични целни групи се со цел да се истакне хуманоста и солидарноста како вредности кои треба да се негуваат и практикуваат од мали нозе во текот на целиот живот.

- Дисеминациска сесија со волонтери од Клуб на стари „Најди време“ - Во рамки на активностите поврзани со Светскиот ден на Црвен крст и Црвена полумесечина, на 09.05.2024 година се одржа кратка дисеминациска сесија со волонтерите од „Најди време“ каде беа презентирани материјали за историјатот на движењето, основните принципи и волонтерство (што претставуваат поимите волонтерство и волонтер) и што значи да се биде волонтер на Црвен крст.
- Дисеминациска сесија со деца од едукативната програма Полетарче - На 13.05.2024 беше одржана дисеминациска сесија со дечињата од едукативната програма ПОЛЕТАРЧЕ со цел да се истакне хуманоста и солидарноста како вредности кои треба да се негуваат и практикуваат од мали нозе во текот на целиот живот.
- Дисеминациска сесија со деца од едукативната програма Бреинобреин - На 21.05.2024 беше одржана дисеминациска сесија со дел од дечињата кои ја посетуваат BRAINOBRAIN програмата во Црвен крст Охрид. Истата ја одржаа досегашниот лидер на Клубот на млади Борче Исакоски, како и новите лидер и заменик - лидер Иво Георгиески и Сара Петкоска преку интерактивна сесија во која тие се ставија во улогата на Анри Динан и неговите соработници и ја раскажаа приказната за основањето на организацијата, нејзините активности, значењето на амблемот и принципите.
- Дисеминациска сесија со ученици (практиканти) од СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ - Во рамки на феријалната практика на учениците од здравствена струка, со образовен профил медицинска сестра при СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ во Охрид, се спроведе дисеминација на 29 ученици. Дисеминациската сесија се одржа како вовед на учениците во работењето на Црвениот крст, при што им беа презентирани материјали за: историјатот на движењето, основните принципи, употреба и заштита на амблемот, програмите при Црвен крст Охрид (здравствено-превентивни програми, социјално-хуманитарна дејност, подготвеност и дејствување при катастрофи, дисеминација), како и за волонтерството (што претставува волонтерство, волонтер, волонтер-член и локален план). Им беа дадени и основни насоки за изведувањето на практиката, особено во делот на првата помош. Учениците покажаа особен интерес за укажаната можност да бидат дел од програмата за волонтери на Црвениот крст Охрид.

**ЦКА-ПХВ 2024**

Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која повеќе од 19 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.

Во 2024 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени младинци од средните и основните училишта во Охрид каде тие го добија првичното знаење за ПХВ програмата и за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Дисеминаторот Методија Стојаноски и помошник дисеминаторот Арсениј Ѓоршески ги припремија ПХВ младинците за тоа како да излезат на терен и да изработат свој мал проект. Во рамките на овој ЦКА – ПХВ циклус успешно се завршени пет проекти и 26 обучени ПХВ младинци.

**ЦКА ПХВ проект Втора шанса**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше да се реновира простор во мултимедијално - едукатовна училница во КПУ Затвор Охрид каде маргинализираната група на штитеници ќе може да се дружи, социјализира и чувствува безбедно. Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни акции за да ги соберат потребните финансиски средства:

-Хуманитарен базар со рачни изработки во соработка со клубот - "Најди време"

-"Свеж сок за свежи луѓе" - продажба на свеж цеден сок од портокал во соработка со Shilla - Coffee & Bar)

-Учество на Stand Up Show од Никола Тодороски

-Хуманитарен кошаркарски турнир меѓу три средношколски екипи

Вредната работа им се исплати на овие храбри младинци кои одлучија да работат на проект со корисници на кои не се давало толку многу внимание во нашите заедници до сега. Затоа, со паричните средства тие уредија една од просториите во установата и ја поделија на 3 зони:

1. Влез
2. Училница
3. Соба за релаксација (chill зона)

Дополнително, групата воочи голема потреба за едукација и социјализација на маргинализираните лица и затоа за време на циклусот им оддржаа:

-Дисеминација за Црвениот крст

-Работилници за Бон-тон, описменување и хигиенизација

-Презентација за основи на прва помош

-Сесии со психолог од Црвен крст Охрид

-Врснички едукации за превенција од СПИ и болести од зависности

-Средба за цртање и боење на 3 платна

Младинци на овој проект: Иво Георгиески – лидер, Анастасија Атесленко, Сара Бошевска, Калина Паунче, Сара Трајкоска, Мартин Божиноски, Борче Исакоски – ментор.
"Втора шанса" ја доби највисоката оценка сонце и беше огромен придонес за тоа Црвен крст Охрид да го освои второто место на ЦКА - ПХВ програмата во 2024 година

**ЦКА ПХВ Проект Бисер**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше да ги информираат граѓаните за штетите кои би биле направени од тогаш планираните F1-H2O трки на Охридското Езеро и да ни придонесат во нивно стопирање. Исто така да ја поткренат свеста кај младите охриѓани за важноста на нашето езеро и да создадат алатка која ќе служи како постојан потсетник за истото.
Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни и едукативни активности:

-4 презентации за влијанието на F1-H2O трки врз Охридското Езеро

-„Ден на бучавата - Вода за мир" - штанд на градскиот плоштад и свирка

-„Охрид си Возит" - велосипедско возење

-Соработка со нуркачки клуб „Акватек" за чистење на езерото

За време на циклусот и организирањето на овие настани, групата младинци во еден момент се почувствува веќе исполнето кога се соопшти дека трките на вода се откажани. Тие како крајна алатка изработија веб - страна во која е опишана историјата на езерото, видовите во него, како и сите настани кои се организираа во негова чест. QR код од веб страната беше залепен на многу места во Охрид за секогаш да можат луѓето да се запознаат со тие работи.
Младинци на овој проект: Јана Џамтоска – лидер, Катерина Мојсоска, Марија Миладиноска, Софија Кецкароска, Марио Ѓорески, Ивона Аврамоска – ментор, Ангел Крстески – ментор.

Поради големата нега на нашиот охридски бисер, овој проект доби оценка со најголемата фаза 5+ и беше огромен придонес за тоа Црвен крст Охрид да го освои второто место на ЦКА - ПХВ програмата во 2024 година

**ЦКА ПХВ Проект Блесок**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше да се обезбедат доволно финансиски средства за реновирање и реконструкција на прозорите и дел од станот на социјално загрозено лице од Охрид преку организирање и реализирање разновидни хуманитарни акции. Покрај ова дел од целта беше да му се овозможат и здравствени прегледи како и интеграција во општеството (вработување).

Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни акции за да ги соберат потребните финансиски средства:

-Продажба на рачно изработени белегзии и прстени
-Продавање на донирани половни книги
-Продавање мафини
-Хуманитарна забава под маски
-Филмски маратон и продавање пуканки
-Хуманитарна свирка

За време на циклусот групата младинци воочи дека е потребна помош и на спротивната страна од материјалната, па затоа тие на лицето му овозможија:

-Систематски преглед во ЈЗУ Општа болница Охрид (крвна анализа, психолошки тест, психијатриски преглед, аудиометриски преглед, ЕКГ)
-Очен преглед во ЈЗУ Општа болница Охрид кај д-р Целакоска
-3 стоматолошки прегледи (поправка на 3 заба + чистење забен камен)
-Индивидуално кариерно советување со кариерен советник Марија Коваческа
-Третман во фризерски салон (средување на коса и брада)
-Обезбедување на обувки
-2 психијатриски сесии со психијатар
-Кариерното советување со кариерниот советник се покажа многу корисни бидејќи потоа лицето беше вработено согласно неговите желби и способности.

Младинци на овој проект: Сара Петкоска – лидер, Филип Ѓорески,Анастасија Треноска, Давид Бујароски, Калина Стојаноска – ментор, Ана Мојсоска - ментор

Младинците успеаа да донесат огромен БЛЕСОК во новиот дом и животот на лицето, па затоа и овој проект ја доби највисоката оценка сонце и беше огромен придонес за тоа Црвен крст Охрид да го освои второто место на ЦКА - ПХВ програмата во 2024 година

**ЦКА ПХВ Проект Еко-Луција**

ЦКА - ПХВ проект во соработка со Национален парк Галичица чија цел беше да се пронајде решение за тоа вработените на паркот да се информираат за мислењата на посетителите. Исто така, да се организира едукативен еко-камп на млади кои се најмногу засегнати со Националниот парк Галичица, сè со цел да биде поткрената свеста за важноста на природата и нејзиното влејание врз нас.

Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни акции за да ги соберат потребните финансиски средства:

-Продавање на рачно изработени стикери
-Escape room
-Вредната работа им се исплати на овие младинци и со собраните парични средства тие:
-Изработија табла за коментари, поплаки и пофалби која беше монтирана во самиот Национален парк Галичица

-Организираа едукативен еко - камп во с. Велестово со 17 студенти

Организираниот камп кој траеше три дена беше исполнет со едукации поврзани со нашата природа, но исто така и со сесии за иницијативи каде се разработија многу идеи. Така, беше отворен клубот ЕКО - ЛУЦИЈА на Црвен крст Охрид кој е во соработка со Националниот парк Галичица.

Младинци на овој проект: Надица Новеска – лидер, Лина Јоноска, Марија Николоска, Софија Стојаноска, Наум Ризманоски, Јана Каралиевска – ментор, Давид Тризагароски - ментор

Проектот Еко-Луција доби оценка со најголемата фаза 5++ и беше огромен придонес за тоа Црвен крст Охрид да го освои второто место на ЦКА - ПХВ програмата во 2024 година.

**ЦКА ПХВ Проект Калеидоскоп**

ЦКА - ПХВ проект чија цел беше деца на возраст од 12 и 13 години да се запознаат со различните култури во Македонија со кои сме опкружени секојдневно. Исто така да се поткерене свеста за значајноста на прифаќањето на другите култури и како не треба луѓето да се делат според нив.

Групата младинци за успешно да си ја достигне целта за време на циклусот организираше број интересни активности за децата од ООУ „Братство Единство":

4 едукативни работилници за најразлични јазици и култури

- -Игри без граници
- -Интеркултурен treasure hunt
- -Целодневен камп во с. Велестово
- -Правење традиционални јадења во просториите на Црвен крст Охрид
- -Изработка и закопување на временска капсула
- -Изработка на хамери и завршен настан(рецитал, игри и важни дискусии за негување на културите)

Младинци на овој проект: Исидора Маркоска – лидер, Ангелина Бошкоска, Софија Митреска, Теона Талевска, Дариан Морисеау, Ивона Тасеска - ментор

Групата го изгради нивниот Калеидоскоп, дел по дел, стакленце по стакленце и ја доби највисоката оценка Сонце и беше огромен придонес за тоа Црвен крст Охрид да го освои второто место на ЦКА - ПХВ програмата во 2024 година

**ПХВ настан**

Секоја година во период од 21 до 27 септември се одбележува ПХВ неделата со цел промоција на хумани вредности, толеранција, почит, соживот и ненасилство. Оваа година во чест на ПХВ неделата во организација на Црвен крст Охрид се прикажа театарската претстава "Приказна за една идеја" во изведба на младите волонтери од Клубот на млади на Општинска организација Охрид која се реализираше на 22.09.2024 г. на сцената во предворјето на црквата Св.Софија. Преку оваа претстава, младите ја истакнаа значајната улога на Црвениот крст како организација отворена за сите, со различни возрасти, професии, вери, националности, кои имаат желба да бидат корисни за заедницата и помогнат на оние на кои помош им е најнеопходна. И овој пат, на овој начин младите упатија силна порака за унапредување на социјалната вклученост, култура на ненасилство, толеранција и мир.

**Работилница за проценка на организациски капацитети на општинската организација Охрид**

На 24-25.02.2024, во Црвен крст Охрид се одржа дводневна работилница за спроведување на ПОКОО процесот од страна на фасилитаторите Билјана Минчева од Централната канцеларија и Орце Николов - секретар на ООЦК Велес. На истиот учествуваа претседателот, потпретседателот и секретарот на Црвен крст Охрид, членови на Раководниот одбор, вработените од стручната служба, претставници на Клубот на млади и Програмата за грижа за стари лица и волонтери вклучени во други програми, со цел поефикасно и поуспешно проценување и оценување на капацитетите на општинската организација.

При процесот на проценка присутните имаа шанса да го продискутираат квалитетот на активностите и ресурсите со кои располага Црвен крст Охрид од различни аспекти, и да изготват План за дополнителен

развој на општинската за следните 12 месеци. На крајот на работилницата Црвен крст Охрид се здоби и со сертификат за успешна спроведена Проценка на организациските капацитети на општинската организација, која се постигна со безрезервна поддршка на фасилитаторите на кои им се заблагодаруваме.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Недела на срцевосадови заболувања**

Во рамките на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Неделата на срцево-садови заболувања (21-28 февруари), Црвен крст Охрид организираше низа активности насочени кон превенција на срцевосадовите заболувања. На ден 26.02.2024 година, во просториите на Црвен крст Охрид се организираше едукативно предавање за превенција, третман и лекување на болестите на срцето и крвните садови, кое д-р Соња Стурлакова Димовска, го одржа на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -"Најди време" и пензионерите од Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца.

**Недела на борба против рак**

Во рамки на одбележувањето на Неделата на борба против ракот од 1-8 март, под мотото „Раната детекција спасува живот", Црвен крст Охрид организираше активности насочени кон подигање на јавната свест кај општата популација за превенција и навремено дијагностицирање на малигните заболувања. На ден 07.03.2024 година Црвен крст Охрид во соработка со Младински Центар Охрид организираше предавање на тема „Фотодерматози-причини, симптоми, стадиуми, превенција и лечење" во просториите на Младинскиот центар Охрид (Касарна Охрид). Предавањето го одржа Д-р Перчо Бачев, спец.дерматовенеролог кој пред присутните ги објасни Фотодерматозите-промени на кожата кои настануваат како последица на дејството на сончевите зраци и начините за заштита на кожата од сончевите зраци.

**Недела на хигиенизација**

Во рамки на активностите за одбележување на Неделата на хигиенизација, Црвен крст Охрид организираше едукативни работилници на темата со најмалите и најмилите членови на нашиот град. Беа спроведени две работилници на иницијатива на раководството на Клубот на млади во градинките "Лихнида" и "Билјана" каде што волонтерките Сара Ристоска и Софија Јаковлева ги едуцираа дечињата за тоа колку и зошто е важна редовната хигиена, како да одржуваат лична хигиена и да се грижат за себе и својата околина.Работата со различни целни групи е еден од најголемите приоритети на Црвен крст Охрид, со цел дисеминација и информирање за мисијата на нашето движење во рамките на интересите на секоја од нив.

**Светски ден и Недела на борба против туберкулоза**

- Секоја година на 24 март Црвениот крст го одбележува Светскиот ден на борба против туберкулоза. Со таа цел, на ден 20.03.2024 пред редовниот состанок беше организирано кратко информативно предавање од страна на лидерот на Клуб на млади оd Црвен крст Охрид, Борче Исакоски под мотото "Да! Можеме да ставиме крај на ТБ" заедно со волонтерите од Клубот на млади. Целта на предавањето беше да се споделат основните информации за оваа болест, симптомите, превенцијата и начините на лекување и да се подигне јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберкулозата како и мерки за ставање крај на глобалната епидемија на оваа болест. Исто така, волонтерите од Клуб на млади снимија кратко информативно видео за покревање на свесноста во врска со оваа заразна болест која сеуште е една од најголемите причинители на смрт во светот.
- Во рамките на одбележување на Неделата на борба против туберкулоза на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид на 18.09.2024 се одржа едукација на тема „ДА СТАВИМЕ КРАЈ НА ТБ" покрај која беа презентирани и видеа припремени од нашите волонтери. На оваа едукација волонтерите

имаа можност да научат некои карактеристични симптоми за туберколозата и нивна превенција. Едукацијата беше одржана од страна на долгодишен волонтер, демонстратор, тренер за прва помош - др. Георги Ставрески.

**Недела на борба против дијабетес**

Во периодот од 10-16 октомври традиционално се одбележува Неделата на борба против дијабет, оваа година користејќи го мотото „Здрави животни навики во превенција на дијабетес... “. По тој повод, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа едукативна работилница и презентација на волоннтерите од Клубот на млади, со цел кревање на јавната свест за важноста од превенција и навремено дијагностицирање на дијабетесот. На самата едукација волонтерите имаа можност да се запознаат со начините на превенција, симптомите и различните типови на болеста како и да ги тестираат нивните знаења за дијабетесот.

**Месец на ментално здравје**

По повод мај - Месецот на ментално здравје на еден од редовните состаноци на Клубот на млади од Црвен крст Охрид беше организирана врсничка едукација на тема превенција на ментално здравје. На истата младите имаа можност да се едуцираат и да продискутираат на повеќе важни теми како:

-Грижа за себе и себе - рефлексија

-Што е, а што не е ментално здравје?

-Митови и факти поврзани со познати мислења за менталното здравје

-Персонални врски и односи

-Поддршка и промени

Едукацијата ја реализираше Борче Исакоски, волонтер на Црвен крст Охрид и обучен врснички едукатор на Младите можат. Менталното здравје е важно колку и физичкото здравје, така, Црвен крст Охрид ќе продолжи да организира и да реализира активности за едукација за менталното здравје и за поттикнување на грижата за личното ментално здравје.

**Европски ден на менталното здравје**

Секоја година на 10 октомври се одбележува „Европски ден на менталното здравје“. Годинава, темата на којашто се одбележува овој значаен датум е „Важноста на менталното здравје на работното место“. Црвен крст Охрид и оваа година се приклучи кон одбележувањето на Европскиот ден на менталното здравје, изразувајќи ја на тој начин својата заложба за промоција на менталното здравје како витална компонента на општото здравје. По овој повод, Црвен крст Охрид организираше едукативна работилница насловена „Burnout синдром на работното место, а истата ја одржаа Ранко Раткушиноски, психолог, и Катерина Наумоска, проектен координатор. Исто така, волонтерите на Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираа креативна работилница за изработка на оригами по повод Светскиот ден на Менталното здравје. Во текот на работилницата беа изработени околу 100 рачни изработки кои беа поделени од нашите волонтери на граѓаните на Охрид

**Светски ден и Недела за борба против ХИВ/СИДА**

Секоја година во периодот од 1 до 7 декември традиционално се одбележува Недела за борба против ХИВ/СИДА. Оваа година под мотото „Заедно во борба против ХИВ/СИДА“. Црвен крст Охрид се приклучи кон одбележувањето на оваа недела со повеќе активности. Во рамките на одбележување на Недела за борба против ХИВ/СИДА, на 01.12.2024 година волонтерите од Клубот на млади, во просториите на Црвен крст Охрид организираа креативна работилница за изработка на црвени панделки кои како симбол за поддршка и подигнување на јавната свест за ХИВ/СИДА, беа делени низ кафулињата и јавните собиралишта во Охрид. Црвената панделка која е создадена во 1991 год. е симбол на солидарност со лицата кои живеат со ХИВ. На тој начин се привлекува вниманието на јавноста за превенција и лекување на вирусот како и намалување на дискриминацијата на оние кои се заразени од него. Целта на оваа недела е да се подигне свеста кај јавноста за опасноста од ширењето на ХИВ/СИДА, да се поттикне

редовното тестирање и да се подобри квалитетот на животот на оние кои го носат вирусот, но пред се раното откривање на инфекцијата, едуцирање на јавноста за последиците и нивна превенција. И оваа година активностите во кампањата на Црвен крст Охрид за борба против ХИВ/СИДА се поддржани од Canadians For Children At Health Risk од Канада.
Во рамки на Неделата за борба против ХИВ/СИДА, врсничките едукатори од Црвен крст Охрид одржаа 4 врснички едукации во основните училишта во нашиот град и во просториите на Црвен крст Охрид и беа опфатени 44 лица. Едукациите беа посветени на зголемување на информираноста за ХИВ/СИДА, начини за превенција и намалување на стигмата поврзана со ова заболување.
Едукациите се реализираа во:
- 02.12.2024 - ООУ „ДЕБРЦА" –ПУ Мешеишта
- 04.12.2024 - Црвен крст Охрид
- 06.12.2024 - ООУ „Кочо Рацин"
- 20.12.2024 - ООУ „ДЕБРЦА" –ПУ Белчишта

Дополнително, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа креативна работилница за изработка на црвени панделки, кои го симболизираат поддршката и солидарноста со лицата кои живеат со ХИВ/СИДА. Оваа активност беше насочена кон кревање на свеста и поттикнување на заедницата да се вклучи во борбата против стигмата и дискриминацијата. Овие панделки како симбол за поддршка и подигнување на јавната свест за ХИВ/СИДА, беа делени низ кафулињата и јавните собиралишта во Охрид.
Одбележувањето на Неделата за борба против ХИВ/СИДА е од исклучителна важност, бидејќи ја истакнува потребата за превенција, едукација и грижа за здравјето. Преку вакви активности, испраќаме порака дека свеста и информираноста се најсилните алатки за справување со предизвиците на оваа глобална епидемија.
Благодарност до сите ученици, наставници и волонтери што се вклучија во овие активности и ја поддржаа мисијата на Црвен крст Охрид за создавање посигурна и информирана заедница.

**Кампања за ретки болести**
Волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид се приклучија во кампањата за Месецот на ретки болести. Исто така и тимот на Бреинобреин при Црвен крст Охрид, ги поддржува лицата со ретки болести и заедно чекори по патеката наречена живот. Со кампањата за ретки болести се укажува дека оние кои што имаат ретка болест не се разликуваат по ништо од оние кои немаат, и дека сите се исти и уникатни на некој свој начин. Не треба да се дискриминираат и отфрлаат од нашето општество и дека треба да се направи сè што е во наша можност да се почувствуваат прифатени, среќни и радосни во општеството кое ги опкружува. Целта на целата кампања е поткревање на свеста и поттик на институциите да го насочат вниманието на медицински истражувања за изнаоѓање лек и терапија за ретките болести.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2024**
Со реализирани 17 крводарителски акции и собрани 1580 крвни единици за 2024 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17март Денот на крводарителството во РСМ**
По повод 17 Март, Денот на крводарителството и Денот на формирањето на Црвениот крст на РСМ, во просториите на Црвен крст Охрид на 17.03.2024 година, се одржа пригодна свеченост, на која беа доделени јубилејни признанија на најзаслужните крводарители за 5, 10, 25, 50, 75 и 100 дарувања од Општина Охрид и Дебрца. Исто така, признанија им беа доделени и на поединци, фирми и институции кои придонеле за развој и унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца.

Плакета за 100 крводарувања доби охриѓанецот Борис Стојаноски кој им порача на младите активно да се вклучат во хуманото семејство на крводарители, посочувајќи дека чинот на дарување крв е голем и хуман и дека со дарување на скапоцената течност помагаме во спасување на човечки животи.
Плакети за 75 крводарувања им се доделија на Милчо Бујароски, Владимир Каневчев, Тони Јованоски, Спиро Топалоски, Мате Матески, а плакети за 50 крводарувања на Ристо Јованоски, Петар Кочоски, Тони Симоноски, Оливер Маркоски, Борис Арнаудов, Зоран Достиноски, Јорданчо Ивановски.
Признанијата – Плакети на Црвен крст Охрид за развој, унапредување и омасовување на крводарителството им се доделија на следните институции и граѓани: ОЕМУЦ "Св.Наум Охридски" Охрид, МПЦ ОА – Дебарско-кичевска епархија, Костал Македонија, Ирена Ралева Најдевска, Жанко Голабоски.
Претседателот на Црвен крст Охрид, Сашо Точков, истакна дека крводарителството во Македонија е во подем и дека 2023 година може да се оцени како успешна година за крводарителството во Охрид. Според него, радува фактот што бројот на првократни дарители се зголемил за околу 30%. Тој ѝ се заблагодари на сè поголемата армија на хумани луѓе кои несебично продолжуваат да спасуваат животи дарувајќи крв. Црвен крст Охрид континуирано и посветено работи на промовирање и на унапредување на крводарителството во Охрид и Дебрца.
Како резултат на посветеноста на активистите на Црвен крст Охрид и на службите за трансфузиона медицина и благодарение на крводарителите и на сите поединци, фирми, институции кои на било кој начин придонесле кон развој и унапредување на крводарителството, во изминатата 2023 година се реализираа 18 крводарителски акции на коишто се даруваа 1507 крвни единици и, така, се задоволија потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените установи во нашиот град. Хуманоста што ја покажаа нашите крводарители преку доброволно дарување крв придонесе да бидат спасени многу човечки животи.
Црвен крст Охрид изразува благодарност и почит кон сите крводарители, поединци, фирми, институции кои го помогнале развојот на крводарителството во Охрид и Дебарца.

## ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2024 година беа реализирани 11 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 85 кандидати, како и 46 обуки по прва помош за кандидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 723 кандидати и 2 обуки по прва помош за кандидати за пловни објекти на кои беа обучени 6 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации, за кандидати за возачи на моторни возила и кандидати за пловни објекти ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**50-ти Општински натпревар по прва помош**

На 50-от, јубилеен општински натпревар по прва помош, кој во организација Црвен крст Охрид се одржа во Охрид на 13.04.2024 година, учениците од основните и средните училишта од Охрид и Дебарца организирани во категории подмладок и младина се натпреваруваа во укажување прва помош. 13 екипи со преку 150 млади на 6 пунктови низ градот ги презентираа стекнатите знаења, вештини и техники за укажување прва помош. Најуспешни, во категоријата подмладок беше екипата на ООУ Св.Климент Охридски, второто место го освои екипата на ООУ Христо Узунов, а трета беше екипата на ООУ Св.Наум Охридски Пештани. Во категоријата младина првото место и правото на учество на Регионалниот натпревар по прва помош, го освои екипата на ОСУ Кирил и Методиј-медицинска паралелка, а второто место го освои екипата на ОСУ Св.Климент Охридски-Гимназија. За регуларноста на натпреварот и оценувањето на екипите се грижеа 15 судии (лекари, медицински сестри, парамедици на Црвен крст Охрид, а за реалниот приказ на сценаријата и „повредите“ на пунктовите се погрижи тимот за реалистички приказ на повреди, составен од 7 шминкери и 14 актери. 13 водичи, волонтери на Црвен крст Охрид ги водеа екипите по предвидените траектории и пунктови за укажување прва помош.Во овој циклус на подготовка

на учениците, со активно учество на менторите од секое училиште и волонтерите-тренери и инструктори по прва помош на Општинска организација Охрид, со најновите знаења, техники и вештини за укажување на прва помош се здобија преку 200 млади.Во едукативниот и забавниот дел од натпреварот младите ги покажаа своите знаења за хуманитарното движење на Црвениот крст. Во едукативниот и забавниот дел од натпреварот младите ги покажаа своите знаења за хуманитарното движење на Црвениот крст на пунктот за дисеминација преку квиз припремен од волонтерите на Клубот на млади, но и имаа можност да поразговараат за менталното здравје со екипата на ППП и да се позабавуваат со волонтерката Danielle Hamilton од Мировен Корпус.  Црвен крст Охрид изразува голема благодарност до сите волонтери, ментори, инструктори, тренери, судии, до основните и средните училишта и до сите кои ја помогнаа реализацијата на 50-от Општински натпревар по прва помош.

**Регионален натпревар по прва помош**

На Регионалниот натпревар по прва помош, кој се одржа во Скопје, на 12.05.2024 година, екипата на Црвен крст Охрид во конкуренција на 16 екипи од северозападниот регион, го освои највисокото прво место. Екипата по прва помош во состав: Кристијан Лошкоски, Ивана Котеска, Стефанија Битолкоска, Андреј Пуфтоски, Симона Новеска и Марио Ѓорески, ученици и претставници на СОСУ "Св.Кирил и Методиј"-Охрид, е победничката екипа на 50-тиот Општински натпревар по прва помош кој се одржа во април годинава. Истотака, екипата е најдобра во своите знаења за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина, односно го понесоа и првото место на пунктот за дисеминација. На екипата и честитаме за успехот, а воедно изразуваме голема благодарност до менторите вклучени во подготовката на екипата, волонтерите на Црвен крст Охрид (актери и шминкери на реални повреди) и до домаќинот на Регионалниот натпревар, Црвен крст Гази Баба.

**30ти Државен натпревар по прва помош**

Тимот на Црвен крст Охрид и оваа година учествуваше на 30-от државен натпревар по прва помош кој се одржа во Скопје. Нашиот тим покажа одлични способности за укажување на прва помош, со што, во конкуренција на 14 екипи, го освои 4-то место. Горди сме на храбрите волонтери кои во најдобро светло ја претставија нашата организација!

**Светски ден по прва помош**

Голем интерес од охриѓани, но и од странските гости и туристи за одбележување на Светскиот ден по прва помош, кое во организација на Црвен крст Охрид се одржа на 14.09.2024 г. на Градскиот плоштад „Св.Климент Охридски“ во Охрид.  Волонтерите на Црвен крст Охрид од Клубот на млади, обучени за укажување прва помош, нивните едукатори, како и едукатори за прва помош од Црвен крст Зеволде, Холандија, од организациите на Црвен крст од Суботица, Крагуевац и Ужице, Србија и Црвен крст Бар, Црна Гора, кои деновиве ја следат напредната обука за прва помош во Црвен крст Охрид, пред присутните ги презентираа најновите знаења, протоколи и техники за кардио пулмонална реанимација (CPR) и укажување на прва помош на лица со повреда на екстремитети. Тимот за реалистичен приказ на повреди се погрижи повредите да изгледаат како во реални ситуации. Црвен крст Охрид преку организирање на обуки за прва помош продолжува со своите приоритетни заложби да ги шири знаењата и вештините за укажување на прва помош со цел тие да бидат достапни за сите, како хуманитарен акт кој ги овластува луѓето да спасуваат животи и да помогнат во закрепнување од нагло настанати заболувања или повреди. Првата помош претставува витална иницијална интервенција која помага во намалување на повредите и зголемување на шансите за преживување во настанатата ситуација во која животот на поединецот или група на луѓе е во опасност.

Хуманата димензија беше заокружена и со 12 единици дарувана крв од хумани наши сограѓани, на крводарителска акција која во организација на Црвен крст Охрид и со поддршка на Трансфузиолошката служба од Охрид се реализираше во Центарот за култура „Григор Прличев“.

**Обука по прва помош**

Во период од февруари до април 2024 година се одржа обука за основите на првата помош во Клубот на млади во Црвен крст Охрид. Во текот на обуката младите волонтери се здобија со теоретски знаења како да укажат основна прва помош и како да препознаат за каква повреда се работи преку следење на виталните знаци, како и да измерат шеќер и крвен притисок, потоа како треба правилно да пристапат во случај да треба да укажат прва помош, како да направат примарен и секундарен тест, како правилно се изведува страничната положба и да извршат реанимација. Исто така младите научија како треба правилно да преврзат отворени рани и посекотини, како да запрат крварење, и како да имобилизираат скршеници, а на последната работилница се реализираше и практичниот тест за учесниците на обуката за прва помош за почетници.  Околу 20 учесници кои ја завршија обуката имаа можност да ги покажат своите знаења на терен и да решат практичен пункт кој се состоеше од три различни повреди. Со ова беше комплетирана предвидената обука за основна прва помош за волонтерите од Клубот на млади. Во наредниот период, сите млади кои успешно ја завршија обуката ќе ги усовршат своите вештини како дел од тимот за прва помош на Црвен крст Охрид.

**Меѓународна напредна обука за прва помош-парамедици**

Во период од 12-21.09.2024 година во организација на Црвен крст Охрид, а во соработка со Црвен крст Зеволде од Холандија, по трет пат се одржа меѓународна напредна обука за прва помош според програмата за предхоспитално одржување во живот на пациенти - PHTLS (Pre Hospital Trauma Life Support). Станува збор за единствен ваков пример во регионот каде Црвен крст Охрид во соработка со Црвен Крст Зеволде и Националниот здравствен сервис на Холандија обучува лица кои први реагираат и пружаат помош на местото на несреќата при итни медицински случаи. Вакви обуки, според европските стандарди и протоколи, беа спроведени во Црвен крст Охрид во 2016 и 2018 година. Позитивните искуства како и потребата за лица обучени за укажување на прва помош и реанимација во различни ситуации, и овој пат беше предизвик за Црвен крст Охрид и Црвен крст Зеволде од Холандија да организираат обука за парамедици според програмата PHTLS (Pre Hospital Trauma Life Support). Оваа година обуката се одлучи да се прошири на регионално ниво како Црвен крст Охрид преку соработката со нашите партнер организации, Црвен крст од Суботица, Крагујевац, Ужице од Србија и Бар од Црна гора, да се направи меѓународна, да ја прошириме нашата соработка, воедно и нашите знаења. Искуствата кои тие ги добиваат на овој начин ги споделуваат со останатите, што воедно значи и надградба на капацитети и ресурси во трите национални друштва. Обуката за парамедици која ја реализираше општинската организација во соработка со Црвен Крст Зеволде од Холандија доаѓа како резултат на долгогодишната взаемна соработка а започна во 2015 година кога беше донирано амбулантно возило со опрема. Ја посетуваа 13 кандидати на Црвен крст Охрид, Суботица, Крагујевац, Ужице и Бар кои претходно беа избрани според посебни критериуми од страна на инструктор-парамедик од Националниот здравствен сервис на Холандија во соработка со Црвен крст Охрид и Општинското средно медицинско училиште Св. Кирил и Методиј од Охрид. Обуката ја водеше искусен инструктор за прва помош од Холандија, Роб Судмеијер, со обука за PHTLS завршена на Јеил универзитетот во САД и со огромно искуство во организација и спроведување посебни обуки за педијатриска прва помош, прва помош при користење на алкохол и психоактивни супстанци, прва помош при повреди во спортски активности и друго, заедно со парамедик и студент на медицина, Емилија Петровска од Охрид. Инструкторот Роб Судмеијер, со помош на парамедик на Црвен крст Охрид и студент на медицина, Емилија Петровска, со високо професионален пристап, најсовремена опрема и нагледни средства, ги обучуваа кандидатите за парамедици со најнови знаења и техники во справување со најсложени ситуации и интервенции на укажување на прва помош, третман и реанимација на повредени како и транспорт со амбулантно возило.

За учесниците на обуката истата беше од големо значење бидејќи го надоградуваат знаењето кое веќе го имаат стекнато за пружање прва помош и преку практичните вежби се стекнуваат со нови искуства за делување во реални ситуации.

**Бројни ангажмани на екипи за прва помош и спасители на вода**

Тимовите за прва помош при Црвен крст Охрид составени од доктори, парамедици, медицински сестри, возачи и други лица обучени за прва помош и оваа сезона беа на висината на задачата. На околу стотина различни настани во текот на оваа туристичка сезона тимот за прва помош при Црвен крст Охрид одговори на над 300 пати при што се укажуваше помош на повредени на спортски натпревари, алкохолизирани лица, лица во бессознание, колабирани лица. Нашите тимови одговорија на повикот на бројни настани меѓу кои: настани од Охридско Лето на антички театар, сите спортски и културни настани во рамките на Фестивалот на спортови на вода, едриличарски, кајакарски регати, веслање со суп даски, сите маратони на Охридско Езеро, пливачки митинзи кои се одржуваа на градскиот базен, "Слободно пливање на Охридско езеро" на 7 пливачи од Швајцарија, Македонски куп Маратонско пливање, Пештани вертикал, Трето издание на Вино фест Охрид 2024, , Таеквондо турнирот Охрид Опен 2024, настан Балкан Промисис 2024 турнир за млади фудбалери, Куп на Македонија во карате, Боксерски натпревари, Интернационален шидокан Куп 2024, фудбалски турнир ОХРИД ФРЕЕД, сите фолклорни "Костоски " фестивали, забави на бродот Армада, бројни концерти на градскиот стадион, два концерти на базенот од Голден, Охрид Ултра траил, Акватлонот во организација на Охрид трчат , полумаратон во организација на Охрид трчат.

**Охрид Ултра траил**

И овогодинешното издание на Ohrid Ultra-Trail кое се одржа на 25.05.2024 г., беше голем предизвик за тимовите на Црвен крст Охрид ангажирани да се грижат за здравствената безбедност на учесниците на петте трки од овој настан. Пет медицински тимови составени од лекари, парамедици и масери и два тимови на спасители од Планинската спасителна служба на Општинска организација Охрид распоредени долж целата патека на планината Галичица и во Охрид, евидентираа 34 успешни интервенции на укажување прва помош и спасување со што покажаа висока професионалност и подготвеност да се справуваат со предизвиците на вакви и слични настани. Тимовите на волонтерите од Клубот на млади ги дочекуваа на целта натпреварувачите упатувајќи ги на пунктот за освежување и пунктот на Црвен крст Охрид за масажа.

**Охрид трчат**

Црвен крст Охрид и оваа година со своите волонтери беше присутен на терен за време на еден од најважните спортски настани за нашиот град - Охрид ТрчаТ кој се одржа на 02.06.2024 година. Волонтерите со своето присуство и ентузијазам помогнаа самиот настан да помине во најдобар ред преку 143 волонтери по патеката како логистичка поддршка, 33 членови на тимот за прва помош на 11 различни локации и 2 прва помош велосипеди. Црвен крст Охрид беше вклучен преку екипи за прва помош, парамедици и доктори како и волонтери за помош за организацијата, но и поддршка за самите тркачи.
Голема благодарност до ангажираните волонтери кои ги насочуваа тркачите, ги чекаа на целта, ги наградуваа со медали и пружаа прва помош онаму каде што беше потребно. Честитки до Охрид ТрчаТ за успешниот настан и до сите тркачи кои учествуваа во истиот.

**Учество на летен камп за деца**

На ден 13.07.2024 во соработка со клиниката Жан Митрев на летниот камп за деца со вродени срцеви аномалии кој се одржа во х. Солферино во Струга се прикажаа основите на првата помош и спасување на активен давеник. Нашиот волонтер Арсениј Ѓоршески демонстрираше срцево белодробно оживување и поставување на лицето во странична положба, беа прикажани неколку преврски и правила за имобилизација кај скршеници. Во вода беше прикажано спасување на активен давеник, пришто присутните имаа можност да се запознаат со активностите што секојдневно на терен ги прикажуваат нашите тимови на оние лица на кои им е најпотребна првата помош. Со ова уште еднаш се потенцира потребата од првата помош и ставаме акцент на сите категории на граѓани.

**Атракција на Охридското Езеро - Јане Петков со нов предизвик**
Ohrid Water Festival 2024 оваа година понуди посебна атракција - настани кои во организација на Црвен крст Охрид, а со поддршка на ПК Охридски бранови 2008 Охрид и Нуркачкиот центар Акватек, се одржаа во Охрид, и тоа:
- Презентација на тема „НЕВЕРОЈАТНИТЕ МОЖНОСТИ НА ЧОВЕЧКИОТ ДУХ“ која се одржа во просториите на Црвен крст Охрид на 26.08.2024 г. Презентерот Јане Петков од Сандански, Бугарија откри интересни техники за дишење и медитација пред неговиот нов подвиг.
-На 27.08.2024 г.„човекот амфибија“, седумдесетгодишниот Јане Петков, во многу сложени услови, со силината на мислата и на волјата, со посебни техники на дишење, за нецели 3 минути, врзан со лисици, ланци и катинари, потопен на дното на Охридското Езеро, кај плажата Сарајште во Охрид, успеа да се ослободи со „лисиците“ и од вреќата во која беше врзан и да излезе на површината на водата, без никакви помагала, по примерот на светски познатиот илузионист Хари Худини.
Ова беше втор настан кој Црвен крст Охрид го организира со Јане Петков. Првиот, спортско-медицински настан за Гинисов рекорд, Црвен крст Охрид го организираше на 10.09.2018 година, кога Јане Петков препливува растојание поголемо од 2 км. во Охридското Езеро, од плажата Орце Николов до Градското пристаниште во Охрид, целосно врзан во вреќа.

**Подводна елка**
На ден 21.12.2024г., дел од тимот за прва помош при Црвен крст Охрид, пружија поддршка на настанот за китење на подводната новогодишна елка од страна на Нуркачкиот центар "Амфора" во Музејот на вода. Подводната елка е посветена на лицата со ретки болести во знак на поддршка, посакување добро здравје и поткревање на свеста кај граѓаните.

## СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

### НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА
Црвен крст Охрид и оваа година традиционално се вклучи во одбележување на Неделата на глад (16 - 22 октомври 2024г) во рамки на кампањата “Помислете и на нас”, со цел поттикнување на граѓаните, компании, фирми, итн. активно да учествуваат во оваа хуманитарна акција. Одбележувањето се состоеше од собирни акции на храна и хигиенски производи во основните и средните училишта, како и во соработка со маркетите Миса, Тамаро, Випс, каде хуманите граѓани имаа можност да ја донираат за оние на кои им е најпотребна.
Во текот на оваа недела се поделија хуманитарни пакети со прехранбени продукти и со средства за хигиена на 70 социјално загрозени семејства од кои 50 беа обезбедени од страна на компанијата Костал Македонија, 10 со поддршка на невладината организација Canadians For Children At Health Risk и уште 10 хуманитарни пакети се обезбедени од Лајонс клуб Деница, а од собраните материјални и финансиски средствата во текот на целата кампања од Неделата на гладта, до крај на месецот се доделени пакети на вкупно 150 семејства кои примаат социјална помош, згрижувачки семејства, бездомници, лица со инвалидитет, деца без родители и стари лица.
Се заблагодаруваме на сите вработени во Црвен крст Охрид и волонтерите на Клубот на млади за спроведувањето на акцијата, на хуманите граѓани кои ја направија оваа акција успешна, и на училиштата, маркетите, компанијата Костал Македонија, Форум на жени на СДСМ, Лајонс клуб Деница кои се вклучија во реализацијата на истата и со своите хумани акти придонесоа кон пружањето помош на оние кои им е најпотребна.

### НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ
Во рамки на одбележувањето на Неделата на солидарност, Црвен крст Охрид дистрибуираше хуманитарни пакети со прехранбени производи и средства за хигиена до 70 домаќинства во социјален ризик од Општина Охрид. Хуманитарните пакети беа обезбедени во рамките на проектот „Денови на солидарност“ којшто

Црвен крст Охрид го реализира со поддршка од Општина Охрид, а со цел јакнење на можностите за укажување помош на домаќинства во социјален ризик од Охрид и од околината во 2024 година.
Покрај тоа, Клубот на млади при Црвен крст Охрид традиционално ги организираше предизвиците на солидарноста. Натпреварот се состоеше од 6 предизвици преку кои младите учесници имаа можност да ја покажат својата солидарност во нивната заедница и да се истакнат преку нивните хумани гестови.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Хуманитарна помош за лица од Украина**
По започнување на бегалската криза во Украина од март 2022 година, во евиденцијата на Црвен крст Охрид се регистрираа вкупно 23 (5 фамилии и поедници) бегалци од Украина. Во 2024 година, во Охрид останаа да живеат 15 лица. Црвен крст Охрид учествуваше во дистрибуција на хуманитарни пакети со прехрамбени и хигиенски производи, а беа доделени и ваучери за облека и обувки. Хуманитарната помош беше обезбедена преку проект на Црвен крст на град Скопје.

**Хуманитарен забавно-едукативен настан „Вода за мир“**
Во рамките на одбележувањето на 22 март, Светскиот ден на водата, чиешто мото годинава е „Вода за мир“, Црвен крст организација Охрид и Центар за јавно здравје Охрид, со поддршка на еколошки и спортски здруженија и организации од Охрид, организираа забавно-едукативен настан на Градскиот плоштад на ден 23.3.2024 годин. Целта на организирањето на овој настан е да се истакне вредноста на Охридското езеро како најголем природен базен на питка вода и да се упати апел до населението и надлежните за одбегнување и спречување на настани и активности на Охридското езеро и во блиската негова околина, кои се опасност за живиот свет и ја нарушуваат природната рамнотежа .
Во склоп на ПХВ програмата во 2024 година една од групите ја започна својата кампања за подигање на свесноста за последиците од евентуалното одржување на светското првенство во трка со чамци формула 1, F1H2O чамци, најавено за јули 2024 година на Охридското езеро во Поградец, Албанија со учество на настанот и ширење на пораката преку организираните активности на нивниот штанд.
Дополнително, на настанот за прв пат настапи новиот музички бенд на Црвен крст Охрид, волонтери од Клубот на млади организираа свој отворен ден за промоција на активностите на Клубот, дечињата од програмите BRAINOBRAIN и "ПОЛЕТАРЧЕ" со нивните тренери учествуваа во забавно - едукативниот дел на настанот, а две од другите ПХВ групи организираа хуманитарен базар во соработка со Клубот на пензионери "Најди време" со цел собирање на финансии за реализација на своите проекти .Да се обединиме околу водата и да ја користиме за мир, поставувајќи темели за стабилна и просперитетна иднина.

**Хуманитарна акција Волшебна елка**
Со прекрасни изведби на новогодишни и божиќни песни, звонливите гласови на распеаните дечиња од детскиот хор при Културно-уметничкото друштво „ЃЕРДАН ОД БИСЕРИ“ и дечињата од „Распеано рибарче“, го најавија завршниот настан од традиционалната хуманитарна акција на Црвен крст Охрид, „ВОЛШЕБНА ЕЛКА“ кој на 28.12.2024 година е се одржа во комплексот KAM Village. Пред бројните посетители, деца, родители, прекрасен настап имаше и музичкиот бенд на Црвен крст Охрид „HUMANE-ХУМАН“ кој го сочинуваат талентирани млади музичари од Клубот на млади на Општинска организација Охрид. Многу наши хумани сограѓани, институции, здруженија, поединци, се вклучија во оваа хуманитарна акција, купувајќи соодветни подароци, означени во волшебните лампиони, како исполнување на новогодишните желби на преку 50 дечиња што живеат во социјален ризик од Охрид и Дебрца.И секако, креативните и неуморни реализатори на целата хуманитарна акција и овој завршен настан во месец декември, месецот на дарување, беа волонтерите и вработените во Црвен крст Охрид, во партнерство со KAM Village. Изразуваме благодарност до нашиот партнер во оваа акција KAM Village, до сите основни

училишта во Охрид и Дебрца за соработката и благодарност за учеството и поддршката во реализација на оваа акција на сите поединци, институциите, здруженија.

**Хуманитарен марш во чест на Трајан Целески-Тачо**
На ден 09.11.2024 г. се одржа четвртиот хуманитарен марш во чест на Трајан Целески- Тачо, во чест на неговиот прерано згаснат живот. Учесниците придружувани од волонтерите на Црвен крст Охрид се движеа по патеката од населба Видобишта-Манастир Свети Никола, Велгошти и назад. Истата е умерена и е во должина од 10 километри во двата правци. Водич на турата беше Дејан Ангелоски, апсолутен шампион во планинско трчање кај нас и повеќекратен победник на меѓународни трки во скајранинг. Охрид го памети Тачо како голем другар, спортист, човек со борбен дух, позитивна енергија и харизма. Борбата за неговиот живот прерасна во симбол на хуманост и сплотеност.

**Хуманитарна забава во рамки на кампања за ретки болести**
Волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид во соработка со младинската заедница од СОСУ "Св. Кирил и Методиј" поддржани од Здружението за ретки болести и Shilla - coffee & bar активно се вклучија и во овогодишната кампања за поддршка на лицата со ретки болести преку организација на хуманитарна забава „Забавувај се во знакот на ретките “. За да се соберат финасиски средства за поддршка на нашиот сограѓанин Петар Попоски кој исто така боледува од ретка болест, младите волонтери и музички таленти од нашите средни училишта на ден 29.2.2024 заедно се забавуваа, пееја и ја покажаја својата хуманост. Собраните средства во износ од околу 9000 денари во договор со претседателот на здружението Ретко е да си редок Гордана Лолеска ќе бидат наменети за Петар Попоски. Петар има 22 години и боледува од ретка болест Tyrosine Hydroxylase deficit. Хируршката интервенција не може да се изведе во Македонија, поради тоа мора да се оперира во Турција и се потребни околу 50 илјади евра. Се заблагодаруваме на сите кои помогнаа во реализацијата на овој настан и кои донираа.

**Хуманитарен предновогодишен настан**
Црвен крст Охрид во соработка со Општина Охрид на плоштадот „Чинар“ на 18.12.2024 година организираше хуманитарен предновогодишен настан „Новогодишен сон“, кој имаше за цел да ја поттикне креативноста, хуманоста и солидарноста кај децата од основните училишта, но и возрасните волонтери на Црвен крст Охрид, преку изработка на најразлични новогодишни украси и предмети кои беа истакнати за продажба. Со секој купен производ беа извлекувани и награди. Средствата собрани од оваа хуманитарна продажна акција беа наменети за разубавување на Новогодишните празници на социјално загрозените семејства во Охрид.

**Хуманитарна помош**
Во овој радосен декември, месец на дарување, Црвен крст Охрид во соработка со Општина Охрид организираше хуманитарен предновогодишен настан „Новогодишен сон“, кој имаше за цел да ја поттикне креативноста, хуманоста и солидарноста кај децата од основните училишта, но и возрасните волонтери на Црвен крст Охрид, преку изработка на најразлични новогодишни украси и предмети кои беа истакнати за продажба. Средствата собрани од оваа хуманитарна продажна акција беа наменети за разубавување на Новогодишните празници на семејства во социјален ризик во Охрид на коишто во текот на последната недела од месец декември им беа поделени хуманитарни пакети со прехранбени продукти и со средства за хигиена.

**Делење новогодишни пакетчиња**
Во соработка со учениците од РЦСОО „Ванчо Питошески“ – Охрид волонтерите од Црвен крст Охрид успеаја да изнудат насмевка на детските лица, дарувајќи им новогодишни пакетчиња. Средствата за

пакетчињата ги обезбедија учениците од спроведениот хуманитарен предновогодишен музички настан под мотото „Дојди, Вкуси, Израдувај!“, одржан на ден 24.12.2024 година во дворот на нивното училиштето.

**Предновогодишна едукативно-забавна прошетка со деца од социјално-загрозени семејства**
Уште една хуманитарна акција на Црвен крст Охрид. Во соработка со Општина Охрид, а со поддршка на Елена Лотеска Наумоска, сопственик на бродот Армада, Црвен крст Охрид реализираше предновогодишна едукативно-забавна прошетка со брод за преку 40 дечиња, охриѓанчиња, кои до сега немале можност да се возат со брод по Охридското езеро. Дечињата, придружувани од своите родители, уживајќи во волшебниот поглед на Охрид, со голем интерес и љубопитност ја слушаа приказната за Охрид и охридските знаменитости, прекрасно раскажана од Проф. Д-р Климент Наумов, туристички водич. А ритамот на забавниот дел го диктираа волонтерите од Клубот на млади на Црвен крст Охрид кои под мотото „Едно пакетче-многу љубов“ заедно со претставници на општина Охрид и Дедо Мраз подарија новогодишни пакетчиња на секое дете. Заштитниот знак на бродот Армада, „Безбедност пред се“ (Safety first) и на оваа пловидба беше запазена со обезбедено присуство на тим на спасители на вода и медицински тим на Црвен крст Охрид, со соодветна опрема. До сите партнери, подржувачи, соработници во нашите хуманитарни активности, волонтери, благодарност што ни овозможувате да даруваме подароци и надеж.

**ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА**
Програмата на грижа за стари лица „Најди време“ на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 15 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.

- Активностите на програмската група на волонтери стари лица и поддржувачи успешно се реализираа во три полиња: редовна планска комуникативна стандардна практика со основна фокус група на стари осамени лица и лица со социјален ризик; креативен опус на оперативниот тим; интерактивни и креативни активности на оперативната и групата корисници. Активностите ги спроведуваат зголемена по број оперативна извршна група (13) со 4 нови членови кои поминаа соодветна обука за работа и комуникација со лицата корисници на програмата.
  - Остварени се 796 активни контакти од страна на 9 обучени волонтери со 45-60 корисници (65-95 години).
  - Реализирани се поединечно и групно околу 60 домашни посети, а дел од корисниците се присутни заедно со оперативната група во просториите на Црвен крст Охрид, така да со нив и со други корисници на други договорени места остварени се преку 200 непосредни контакти.
  - Дел на корисници по претходна организирана покана биле дел од посети во музеи, библиотека, училишта, посета на други ООЦК и тела за стари лица, забавен и креативен простор и време со групата и во рамки на настани и активности на Црвен крст Охрид, промоции во библиотека, настани на општина Охрид и Дебрца, друго.
  - Реализирани се тематски средби со дискусии и заклучоци за Центар за дневен престој на стари лица и Дом за стари лица.
- Оперативниот тим или обучени волонтери (проширен за 3 члена) за реализација на програмата, со редовно присуство на дел на корисници и други заинтересирани стари лица и лица од друга популација успешно ги остварува програмските цели и активности, или:
  - Редовна комуникација и прибирање на потребите на корисниците, евидентирање, ажурирање и кореспондирање со менаџментот на Црвен крст Охрид за соодветен одговор и мерка на помош;
  - Интерактивни креативни и едукативни работилници (21) за забава и едукација;
  - Предавања и едукации на различни литературна, ликовна уметност, здравствени, дисеминациски и хуманитарни теми (19);

- Проектна вклученост (ПХВ 2; НУ Библиотека Охрид (1);
- Еко проектна вклученост (2),
- Три еколошки акции за собирање на отпад- самостојно, со младите и со Скопска пивара;
- Партнерска активност за посадување на ендемски растенија во рамки на проектот „Единствена патека" со ЈУ НП „Галичица" Охрид;
- Организирани 3 базари за празници и предновогодишен;
- Организирани посети на основни училишта 2 со програмска содржина поврзана со имиџот на Црвениот крст и културата и образованието како систем на вредности;
- Идеа и организација на конкурси за литературни и ликовни творби (2) со тема од хуманитарните аспекти на глобално ниво за старите лица и воопшто за хуманоста и за настани и личности поврзани со нашата и регионална и светска култура и уметност;
- Иницијатива на проект за Дневен центар за стари лица; истражување и материјал за потребата од Дом за стари лица;
- Реализација на проектот со наслов „На врата – книга во рака" во партнерство со НУ Библиотека Охрид, со цел за вклучување и олеснување на старите лица и корисниците на програмата за читање на книги;
- Организирано одбележување на Меѓународниот ден за стари лица со тематска реализација на насоки од ООН и нашето НД на едукативна работилница со тема од Универзалната декларација за човековите права на старите лица;
- Организирано одбележување на деновите за грижа за стари лица со тематски патоказ „Сите сме нивни деца", и посебна тема „Животот е убав" со рекорден број на учесници со поезија, проза и ликовни творби и свеченост за доделување на наградени учесници;
- Реализација на посебната активност за добивање водоснабдителен систем за Димитар Свилар, член на програмската група и своевиден рекордер во крводарителство, со благородна вклученост на Програмата, менаџментот на Црвен крст Охрид, ЈП Водовод Охрид и општина Охрид;
- Проектна вклученост и партиципација за лица со потреби и во социјален ризик во „Св.Ѓорѓи" во Охрид;
- Дружења и поучни посети и комуникации (ЛС, музеј, активност „Туристи во својот град„ организирано со туристички водич;
- Организирана посета на Центарот за дневен престој за стари лица при ЦКГ Скопје, размена на искуства и посета на музејот на македонската борба во Скопје и старата скопска чаршија;
- Организирана посета на планинскиот дом во Брежани, музејот во Белчишта и општина Дебрца со градоначалник и ЦОУ училиштето;
- Учество на локални, национални и други јавни медиуми;
- Реализирани интерактивни часови за физичка култура;
- Реализирани 15 часови по англиски јазик со едукатор од Американскиот мировен корпуст
- Инициран и изготвен проект „Животот е убав" и даден на натамошна процедура во Црвен крст Охрид;
- Организирано одбележување и полагање цвеќе на бистите на Анри Динан за 8 мај и алејата на паднатите борци за ослободување на Охрид од фашистичкиот окупатор на 7 ноември;
- Поставена изложба на лични творби на членови на програмската група во просторија на Црвен крст Охрид;
- Хуманитарна активност за помош на настраданите од поплавите во БиХ;

- Предавања, презентации и едукации од членови на програмскиот тим
  - дисеминациски сесии 15;
  - ликовна уметност/современо сликарство и правци на модерната уметност во светот; македонски современи уметници 2;
  - здравствена едукација 5;
  - хигиенизација и заштита од заразни болести- маларија и друго 3;

- истражување за потребите од Дом за стари лица и Дневен центар за стари лица 2;
- заеднички едукативни и креативни работилници со млади на Црвен крст Охрид;
- присуство и активна улога на проектни и едукативни работилници организирани од Црвен крст Охрид со други партнери;
- учество и активност со ЗП и други НВО; прием и активна комуникација со членови и партиципиенти на други организации на Црвениот крст (ЦКГ Скопје), партнери на Црвен крст Охрид, Американскиот мировен корпуст, друго.

- Реализирани предавања/екскурзии:
  - Предавање за Недела на срцевосадови заболувања 26.02.2024(25 лица)
  - Посета за 8ми март (12 лица)
  - Креативна работилница за рачни изработки со млади волонтери 13.03.2024 (7 лица)
  - Учество на еко-настан (завршен настан на тимот WISESTRIDE под менторство на м-р Ива Николоска, 15.04.2024 (10лица)
  - Учество на Велигденси базар 30.04.2024 (8лица)
  - Посета за Велигден 09.05.2024(12лица)
  - Доделување награди на објавен конкурс на тема-Духот на хуманоста 13.05.2025
  - Посета на Центар за грижа за стари лица во Црвен крст на град Скопје 22.05.2024(10 лица)
  - Прошетка низ Охрид со охридскиот туристички водич М-р Ива Николоска 28.05.2024 (13 лица)
  - Посета во Општа болница Охрид-Оддел за геријатрија на 01.10.2024 по повод Меѓународен ден на стари лица
  - Работна средба со претставници на Општина Охрид, Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа по повод Меѓународен ден на стари лица
  - Предавање на тема „Аспекти на активно стареење“ по повод Меѓународен ден на стари лица“ со предавачот Татјана Ристова Димова, психолог, психотерапевт (опфатени 20 лица)
  - Предавање на тема дијабетес, насловено „Разбивање на бариерите, премостување на празнините”.Предавањето го одржа д-р Даниела Чингоска по повод Недела на грижа за стари лица 18.11.2024 (20 лица)
  - Фитнес тренинг за стари лица во соработка со Здружението “ВОЛЕЈ“ и поддршка на Општина Охрид 25.11.2024 (16 лица)
  - Работилница за плетење во соработка со волонтерите од Клуб на млади на 26.11.2024 ( 20 лица)
  - Доделување награди на објавен конкурс на тема „Животот е убав“ 28.11.2024

**Меѓународен ден на стари лица**

Црвен крст Охрид и оваа година се вклучи во одбележувањето на 1 Октомври, Меѓународниот ден на старите лица, воспоставен од страна на Обединетите нации во 1990 година за да се охрабруваат земјите во светот да привлечат внимание и да ги оспорат негативните стереотипи и заблуди за постарите лица и стареењето и да им овозможат на постарите лица да го реализираат својот потенцијал. Во рамки на одбележувањето на Меѓународниот ден на старите лица, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“, која се спроведува во рамки на Црвен крст Охрид ги посетија лицата сместени во Одделот за геријатрија при Општата болница во Охрид и корисниците на услуги од Здружението Добротољубие 2014.

- **Работна средба по повод Меѓународниот ден на старите лица**
  Како и во изминатите години, така и оваа година, Црвен крст Охрид се вклучи во одбележувањето на 1 Октомври, Меѓународниот ден на старите лица. По тој повод, годинава, групата волонтери на Општинска организација Охрид којашто ја спроведува програмата за грижа за стари лица „Најди време“, организираше работна средба со претставници на локалната самоуправа во Охрид, Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Во текот на средбата, повеќе учесници дискутираа за условите за здраво и за достоинствено стареење

во наведените општини, како и за конкретни предлози за надминување на предизвиците на ова поле. Во фокусот на дискусијата беше потребата и иницијативата за отворање дневен центар за стари лица и дом за стари лица во општините Охрид и Дебрца. Учесниците во дискусијата се согласија дека соработката помеѓу различните чинители е неопходна за да се реализираат идеите за подобрување на условите за активно стареење на локално ниво. Модератор на оваа работна средба беше Љупчо Милковски, волонтер во програмата „Најди време“.

- **Предавање на тема „Аспекти на активно стареење“**
  По повод Меѓународниот ден на старите лица, 1 Октомври, Црвен крст Охрид во соработка со Референтен центар „Жан Митрев Клиник“ – Охрид, организираше работилница на тема „Аспекти на активно стареење“ со предавачот Татјана Ристова Димова, психолог, психотерапевт. Покрај тоа што проследија предавање на наведената тема, учесниците во работилницата имаа можност за активно вклучување преку вежби и преку размена на искуства. Црвен крст Охрид секоја година се приклучува кон одбележувањето на Меѓународниот ден на старите лица со различни активности наменети за постарата популација, како и активности за јакнење на свеста кај општата популација за правата и за потребите на старите лица.

**Недела на грижа за стари лица**
Од 18 до 24 ноември традиционално се одбележува Неделата на грижа на стари лица, под мотото „Сите сме нивни деца“. Црвен крст Охрид и оваа година се приклучи кон одбележувањето на оваа недела со повеќе активности.

- На иницијатива на Клубот на млади, а во соработка со волонтерите на „Најди време” и Сојузот на борци на Охрид и Дебрца, на 18.11.2024, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа предавање на тема дијабетес, насловено „Разбивање на бариерите, премостување на празнините”. Предавањето го одржа д-р Даниела Чингоска, специјалист по социјална медицина и јавно здравје. По предавањето, на присутните им беше овозможено мерење на шеќерот во крвта.
- Во рамки на одбележувањето на “Неделата на грижа на стари лица”, Црвен крст Охрид во соработка со Здружението “ВОЛЕЈ“ и поддршка на Општина Охрид за волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“ и членови од Здружението на пензионери од Општина Охрид и Општина Дебрца организираа фитнес тренинг за стари лица. Во прекрасната атмосфера, учесниците повторно ја актуализираа потребата за поддигнување на свесноста за важноста од редовна физичка активност за зачувување и подобрување на здравјето и општата благосостојба кај постарите лица.
- На редовниот состанок на Клубот на млади одржан на 20.11.2024, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа Работилница за плетење во соработка со волонтерите од Програмата за грижа за стари лица „Најди време“. На работилницата, волонтерите од програмата „Најди време” ги споделија со младите своите знаења и техники за плетење.
- На 29.11.2024 година, во просториите на Црвен крст Охрид се доделија наградите на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс кој беше објавен во рамки на одбележувањето на Неделата на грижа за стари лица, под трајното мотото “Сите сме нивни деца“ и овогодишната тема “Животот е убав“.

**Меѓународен ден на жената**
Црвен крст Охрид свечено го одбележа Меѓународниот ден на жената, 8ми Март, со делење на пригодни подароци на волонтерите од Клубот на стари лица “Најди време”, меѓу кои и рачно изработени честитки од страна на волонтерите од Клубот на млади, кои исто така имаа активно учество во настанот и го разубавија овој чин. Исто така, волонтерите од Програмата за грижа за стари лица "Најди време" од Црвен крст Охрид ги посетија жените - корисници на програмата и им подарија пригодни подароци и многу внимание и љубов! Насмевката која ја измамивме на нивните лица нека биде дел од нивното секојдневие, нека бидат неизмерно среќни, задоволни и сакани.

**Подароци за Меѓународниот ден на жената од тимот WISESTRIDE**

Тимот WISESTRIDE, кој работи на проект во заедничка соработка на Општина Охрид и Лунд Универзитетот од Шведска, на 07.03.2024 година во просториите на Црвен крст Охрид приредија едно скромно изненадување и внимание за жените од Програмата за грижа за стари лица "Најди време". Всушност тимот со група ученици изработил садливи картички од рециклирана хартија, чијшто дел во иднина ќе биде посаден долж едукативната патека на ЈУНП Галичица.

**Волонтери од „Најди време“ на еколошки настан**

На 15.04.2024 година, волонтерите од програмата за Грижа за стари лица „Најди време“ при Црвен крст Охрид заедно со ученици од ООУ „Кочо Рацин“, ООУ „Св.Климент Охриски“ и ученици од ОСУ „Св.Климент Охриски“ беа дел од завршниот настан на тимот WISESTRIDE под менторство на м-р Ива Николоска, кој работеше на проект во заедничка соработка на Општина Охрид и Лунд Универзитетот од Шведска. Едукативната патека беше збогатена со новите видови растенија од планината Галичица кои беа засадени и соодветно обележани.

**Посета за Велигден**

Традиционално како и секоја година, по повод христијанскиот празник Велигден волонтерите од програмата Грижа за стари лица “Најди време” од Црвен крст Охрид на 09.05.2024 година ги посетија своите корисници. Волонтерите на сите корисници им го честитаа празникот со велигденско јајце и пригодни подароци.

**Велиденски базар**

Традиционално и оваа година Црвен крст Охрид учествуваше со свој штанд на Велигденскиот базар во организација на Општина Охрид. На истиот волонтерите од програмата за грижа на стари лица "Најди време" и волонтерите од Клубот на млади продаваа рачно направени украси и храна. Собраните средства од касата на Црвен крст Охрид ќе бидат наменети за лекување на наша сограѓанка на која и се потребни финансиски средства за лекување

**Доделување благодарници на учесници на Конкурсот „Духот на хуманоста“**

Во рамки на програмските активности за развивање на креативниот дух кон развој и подигнување на свеста и учество во хуманоста со промоција на хумани вредности и делотворност кај целата популација, особено кај младите и децата во нашата потесна и поширока заедница, Клубот за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид распиша литературен и ликовен конкурс на тема „Духот на хуманоста“. На овој конкурс со прекрасни творби учествуваа ученици од основните и средни училишта од Општина Охрид. Во просториите на Црвен крст Охрид на ден 13.05.2024г. се одржа свечено доделување на благодарници и пригодни подароци на наградените ученици за литературни и ликовни творби.

**Доделување на награди за ликовниот и литературниот конкурс “Животот е убав“ по повод Неделата на грижа за стари лица**

На 29.11.2024 година, во просториите на Црвен крст Охрид се доделија наградите на авторите на најуспешните творби од ликовниот и литературниот конкурс кој беше објавен во рамки на одбележувањето на Неделата на грижа за стари лица, под трајното мотото “Сите сме нивни деца“ и овогодишната тема “Животот е убав“. Основната цел на овој конкурс за кој што се покажа огромен интерес беше да се промовира и да се подигне свеста за меѓугенерациската активна и творечка поврзаност, како и давање мотив кај младите, а и целата популација за создавање на дела насочени кон основите на темата дека животот е убав и дека животот ни нуди светлини и перспективи. Црвен крст Охрид изразува огромна

благодарност до сите учесници на овогодинешниот конкурс, благодарност за прекрасната соработка со основните и средните училишта од Општина Охрид и Општина Дебрца, менторите и родителите.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Трговија со луѓе или Модерно ропство е сериозен општествен проблем и е најтешка форма на кршење на основните човекови права - правото на живот, на слободно движење, на слобода на избор и други права и слободи. Овој тежок криминал е застапен и во нашата држава. Црвениот Крст оддржува превентивни активности кои имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

**Европски ден на борба против трговија со луѓе**

Секоја година на 18 октомври на национално ниво се одбележува Европски ден на борба против трговија со луѓе. На 18.10.2024, Црвен крст Охрид организираше информативно едукативна работилница за превенција на трговија со луѓе во СОСУ „Св. Кирил и Методиј" - Охрид, која беше спроведена од страна на врснички едукатори за трговија со луѓе - Теона Талевска и Лија Камбер. 15 учесници на оваа едукативна работилница имаа можност подобро да се запознаат со видовите на трговија на луѓе како и нивната превенција.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2024**

Центарот за безбедност на вода, во соработка со одделот за дејствување при катасторофи на ЦКРСМ организираше обука за спасители на отворени води во период од 21.06.2024 - 28.06.2024 година на Охридското езеро каде беа обучени 5 спасители на вода. Обуките се реализираа под водство на инструкторот за безбедност на отворени и затворени води Дејан Јонузоски и инструкторот за безбедност на отворени води Александар Ацев.

**Ангажмани 2024**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2024 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 16 спасители на вода/помлади спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 11 капалишта на Охридското езеро и 4 базени. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода имале вкупно 1124 интервенции и тоа 17 пати интервенирале на извлекување на активни давеници, околу 700 помали интервенции на укажување прва помош, 2 потраги по изгубени деца.
Спасителите на отворени води во текот на летната сезона учествуваа и на настаните: Фестивалот на спортови на вода, едриличарски, кајакарски регати, веслање со суп даски, сите маратони на Охридско Езеро, пливачки митинзи кои се одржуваа на градскиот базен, Македонски куп Маратонско пливање, Акватлон, забавно-рекреативни содржини во вода на бродот Армада, забави на базен Голден.
Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на други бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Охрид трчат, Охрид траил, музички настани во охридските ноќни клубови и др.

**ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА**

Согласно Програмата за реализација на активностите на Општина Охрид од областа на заштита и спасување за 2024 година, врз основа на потребите на граѓаните и на општина Охрид е ангажирана Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид како специјализирана единица за планинско спасување и заштита и спасување на вода во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид.

Во текот на 2024 година, Оперативниот центар на Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид прими 12 повици и интервенираше во 10 наврати, вклучитено две акции за пребарување на исчезнати и едно спасување на куче.
Покрај овие интервенции, Планинската Спасителна Служба обезбедуваше и два спортски настани: Ohrid Ultra Trail и Tour de Galicica.
Во периодот 01.01.2024–31.12.2024 година Планинската спасителна служба на Црвен крст Охрид ги реализираше следните позначајни активности:
- Во текот на месец февруари беше организирана редовна обука.
-Во периодот од 14ти до 18ти мај инструкторите на ПСС спроведоа обука/презентација за спасување во рамки на Проектот „Krushevo and Elbasan Acknowledged Cross Border Tourism Destination“финансиран од ЕУ Програмата за прекугранична соработка. Обуката/презентацијата се одржуваше во тренинг центарот на ПСС и теренски. Се презентираа основните алпинистички техники, опремата за транспорт и имобилизација и Прва помош. Учествуваа 12 учесници од Општина Крушево и Општина Елбасан.
- И оваа година Центарот на ПСС беше отворен за најмладите. Во посета ни беа дечињата од ЈУДГ "Јасна Ристеска" и првачињата од ОУ "Христо Узунов" од Охрид.
- На 21.05.2024, раководителот на ПСС, оствари средба со Заменик Шефот на Делегацијата на Европската Унија, Г-дин Бен Нупнау. На средбата беше разговарано за општата состојба на планинското спасување во државата, за предизвиците со кои се соочуваме и потребата од итно регулирање на легислативата во државата во согласност со меѓународната и европската пракса, како и со препораките на ICAR (International Commission for Alpine Rescue). Особено беше акцентирано значењето на волонтерските служби за локалните заедници.
- Во текот на месец јуни и август, ПСС беше активно вклучена во гасењето на шумскиот пожар во Националниот Парк Галичица. И покрај ангажирањето на целокупниот потенцијал, првите денови, операцијата се одвиваше на многу тежок планински терен, каде и покрај транспортот со хеликоптер, тимовите беа принудени со километри да ја транспортираат водата за гаснење на грб, што надополнето од силните детонации на неексплодирани гранати (повеќе од 60 за целиот период), значително го зголемуваше ризикот и не дозволуваше вклучување на повеќе доброволци. Откако ваквиот пристап не даде резултат, а фронтот на пожарот забрзано се доближување до шумските предели, се премина кон обезбедување на заштитни појаси, кои би го задржале пожарот што е можно повисоко. За оваа цел, теренот беше поделен на три фронтови, источен на преспанска страна, западен на охридска страна и северен форнт во високата зона, над превојот Баба. На источниот и западниот фронт, каде што има постојни шумски патишта, беше ангажирана механизација и беа распределени противпожарните служби од Охрид и Ресен, придружени од доброволци, додека северниот фронт, го обезбедуваа тимовите на ПСС и ренџерите од паркот, со уште дваесетина доброволци од Охрид и Ресен. Бидејќи во овој дел од планината нема шумски патишта, тимовите рачно работеа на расчистување на појаси во ширина од 2м, кои достигнаа вкупна должина од 7,5км и патролирајќи по истите, успешно го задржаа пожарот во високата зона од најубавата и највредна шума во паркот, се до доаѓањето на дождот.
- Во текот на месец октомври делегација на ПСС, од 15-20.10.2024 учествуваше на годишниот конгрес на Меѓународната Комисија за Алпско Спасување - ICAR (International Commission for Alpine Rescue), кој се одржа во Солун, Р. Грција и на која учествува повеќе од 700 делегати од службите за спасување во светот. На конгресот, претставниците на ПСС, зедоа активно учество - Во периодот јануари-декември беа спроведени редовни тренинзи за припадниците на ПСС и беа извршени редовни и вонредни сервисирања на возилата.

**Симулациска вежба**

Во текот на месец мај се одржаа неколку настани од прва помош на кои што беа ангажирани тимовите по прва помош од Црвен крст Охрид. На 07.06.2024 волонтерите од Црвен крст Охрид одржаа презентација за укажување прва Помош при пад од велосипед на отварањето на ИПА ВЕЛА ЕКСПО и ИПА ВЕЛО штанд.

Се заблагодаруваме на поканата и можноста да дадеме првични инструкции на помош при ваква ситуација, а воедно да ги покажеме нашите знаења како млади волонтери.

**Показна вежба**

Тимовите на Црвен крст Охрид на 29.09.2024 година реализираа показна вежба за учесниците на Школата за безбедност 2024 што е во организација на Канцеларијата на Фондацијата Конрад-Аденауер во Скопје, Центарот за Европски Студии Wilfried Martens во Брисел и Филозофскиот факултет при УКИМ, Скопје. Темата на показната вежба беше симулација на безбедносни ризици во мигрантски камп и приказ на сите потребни позиции и процедури кои треба да се воспостават при прифат на мигранти. Во вежбата учествуваа и дел од студентите кои учествуваа во Школата за безбедност 2024 во Охрид. Тимовите на Црвен крст Охрид за прва помош, за психолошка прва помош и психо-социјална поддршка како и логистичките тимови и овој пат беа на висина на својата задача за реално прикажување на безбедносните предизвици со кои се соочуваат при работа со мигранти, за што беа високо оценети од страна на менторите и учесниците на Школата за безбедност 2024.

**Показна вежба за евакуација при елементарна непогода во СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ Охрид**

Високо ниво на професионалност, координираност и ефикасност во дејствувањето покажаа тимовите на Територијалната противпожарна единица Охрид, Секторот за внатрешни работи Охрид, тимовите за прва помош, реалистички приказ на повреди и психолошка прва помош на Црвен крст Охрид, Центарот за управување со кризи-Одделение во Охрид и Дирекцијата за заштита и спасување-Одделение во Охрид вклучени во реализацијата на показната вежба за евакуација при случена елементарна непогода, која се одржа на 07.10.2024 година во СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ во Охрид. Голема присебност и одговорност владееше и меѓу вработените и учениците од СОСУ „Св.Кирил и Методиј“, при евакуацијата од зградата на училиштето. Вежбата ја следеа претставници на УНДП-Канцеларија во Македонија, началникот на СВР Охрид, претставници на ЦУК и ДЗС кои беа едногласни за високо оценување на показната вежба. Изразуваме голема благодарност до сите институции инволвирани во оваа вежба и до УНДП-канцеларија во Македонија за поддршката на активностите поврзани со подготвеност за дејствување при катастрофи и елементарни непогоди.

**Показна вежба за заштита, спасување и евакуација при случена елементарна непогода во Магна**

Професионалност, координираност и ефикасност во делувањето покажаа тимовите на Територијалната противпожарна единица Охрид, Секторот за внатрешни работи Охрид, Медицинските тимови на Здравствен дом Струга и тимовите за прва помош, реалистички приказ на повреди и психолошка прва помош на Црвен крст Охрид, Центарот за управување со кризи-Одделение во Охрид и Дирекцијата за заштита и спасување-Одделение во Охрид вклучени во организација и реализацијата на показната вежба за заштита, спасување и евакуација при случена елементарна непогода, која се одржа на 06.11.2024 година,во компанијата МАГНА.

Висока одговорност и присебност манифестираа менаџментот и вработените во компанијата МАГНА, во делувањето при вакви несреќи и евакуацијата од зградата на компанијата. По одржување на вежбата, стручните тимови на надлежните институции ќе извршат евалуација на самата показна вежба каде ќе се евидентираат и истакнат добрите страни и евентуалните слабости, со цел надминување на истите. Изразуваме голема благодарност до сите институции инволвирани во оваа вежба, ја истакнуваме високата општествена одговорност и професионалност на менаџментот и вработените во компанијата МАГНА и ги охрабруваме сите правни субјекти, сериозно да пристапуваат и ги применуваат чекорите за превенција и постапките за делување и одговор во случај на елементарни непогоди и катастрофи, во своите компании, институции, фирми.

**Показна вежба за евакуација при елементарна непогода во РЦСОО „Ванчо Питошески“ Охрид**
На ден 04.12.2024 година, РЦСОО „Ванчо Питошески“ го испробуваше и применуваше оперативниот план за заштита и спасување и планот за евакуација во училиштето преку реализација на показна тренинг вежба според соодветно сценарио. Целта беше, учениците, професорите и техничкиот персонал во училиштето да се запознаат и ги разработат начините на заштита и насоките на движење при евакуација од училишната зграда, после случен земјотрес и пожар. На вежбата учествуваа и соодветни тимови на Територијалната против пожарна единица Охрид, СВР Охрид и Црвен крст Охрид, како и претставници на Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. Изразуваме голема благодарност до сите институции инволвирани во оваа вежба и продолжуваме со реализација на вакви вежби и во останатите средни и основни училиште во Охрид и Дебрца.

**Симулациска показна вежба на повредени од експлозија на петарди**
Во рамки на своите здравствено-превентивни активности Црвен крст Охрид ја продолжува соработката со СВР Охрид-Одделението за превенција со акцент на превенцијата на ризиците предизвикани од употребата на пиротехнички средства. Со таа цел, на 21.12.2024 година на Градскиот плоштад „Св. Климент Охридски“ во Охрид тим за прва помош од Црвен крст Охрид, составен од парамедици и обучени волонтери за прва помош изведоа симулациска вежба за ризиците од користење на пиротехнички средства. Во меѓувреме, на случајни минувачи беа поделени едукативни материјали за опасностите од користење петарди и други пиротехнички средства со нагласување дека употребата на пиротехнички средства се казнува од страна на припадници на СВР Охрид-Одделение за превенција и волонтери на Црвен крст Охрид. „Петардите не се играчка!“ – е пораката која организаторите на овој настан ја упатуваат до децата, но и до родителите, со апел за грижа за безбедни Новогодишни и Божиќни празници. Вакви и слични активности беа реализирани и во дел од основните училишта во Охрид.

**Топлотен бран**
Во летниот период со жешки температури, важно е нашите граѓани да се информирани за тоа како да се заштитат од топлотниот бран. За таа цел младите волонтери од Клуб на Млади од Црвен крст Охрид делеа едукативни флаери со совети за превенција од топлотен бран и шише ладна вода. Вниманието најмногу го насочија кон повозрасните лица и хронично болните кои се во поголем ризик во ова топло време на кои, покрај тоа што им беа дадени препораки за заштита од топлото време, им беше и измерен крвниот притисок. Исто така, дистрибуирани беа и материјали со препораки за заштита од топлото време коишто се наменети за матичните лекари. Во дистрибуцијата на едукативните материјали за заштита од топлотен бран се вклучија и нашите спасители на вода кои им делеа такви материјали на посетителите на охридските базени и плажи. Исто така, во соработка со полициски службеници од езерската полиција, материјали со совети за заштита од топлото време им беа поделени на граѓани во пловни објекти.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**
Во 2024 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**
Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени во најголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални,

совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, трговија со луѓе,подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Недела на млади**

Традиционално, во периодот од 1 до 7 октомври, Црвен крст на Република Северна Македонија ја одбележува Неделата на младите. Во текот на оваа недела, Клубовите на млади при општинските организации на Црвениот крст ги промовираат своите активности, својот труд и работа, како и волонтирањето меѓу младите.

Неделата на млади во Црвен крст Охрид беше одбележана со повеќе активности, како:

- Дебата на тема: Која е важноста на Клубот на млади? - На оваа дебата присуствуваа членови од Дебатниот клуб и волонтери на Клубот на млади кои беа поделени со две групи и имаа можност да дебатираат на темата како и да го дадат својот фидбек на оваа тема. Оваа дебата беше водена од волонтерката од мировен корпус - Danielle Hamilton и проектен координатор - Катерина Наумоска.
- Започнување на предизвикот #ВОЛОНТИРАЈ - За учество на овој предизвик требаше да бидат исполнети следните точки: 1. Волонтирај во Црвен крст; 2. Објави на стори користејќи #ВОЛОНТИРАЈ; 3. Тагнете нè: @red.cross.ohrid. Овој предизвик беше започнат со цел поттик, мотивација и регрутација на нови волонтери.
- Завршен настан на Недела на млади 2024 - Клубот на Млади при Црвен крст Охрид имаше чест да учествува на заедничкото онлајн вклучување на сите Клубови на Млади на територијата на Македонија. На ова вклучување младите имаа можност да се запознаат со активностите од другите Клубови на Млади, но секако и да ги презентираат нивните активности и приказни кои го направиле волонтирањето вредно за паметење. Им се заблагодаруваме на младите кои секојдневно вложуваат за да го направат светот подобро место за сите нас.

Одбележувајќи ја Неделата на млади, волонтерите на Црвен крст Охрид, покрај тоа што го промовираат доброволниот ангажман на младите, упатуваат порака до своите врсници да се приклучат кон хуманото семејство на Црвениот крст и да растат и да се развиваат работејќи за доброто на друг.

**Локално собрание на млади**

Како членови во Локалното собрание на млади на Општина Охрид, и оваа година беа Борче Исакоски и Христијан Јанкуловски, волонтери во Клуб на млади од Црвен крст Охрид.

**Клуб на читатели**

Во Црвен крст Охрид секогаш ги охрабруваме волонтерите да ги искажуваат своите мислења, ги мотивираме да ги разработат своите идеи, но и им помагаме да ги реализираат истите. Токму така, во месец јануари на иницијатива на волонтерките Јана Каралиевска и Исидора Маркоска од Клубот на млади, во Црвен крст Охрид се отвори повторно клубот на читатели за сите љубители на книгата. Клубот има цел да ја поттикне љубовта кон книгите и читањето кај младите, создавајќи инспиративна и пријателска средина за размена на идеи, дискусии и литературни авантури. Во текот на изминатата 2024та година беа одржани

десет состаноци на клубот, беа прочитани и се разговараше за шест книги, а беа организирани и неколку состаноци со различни активности поврзани со книгите како креативна работилница за изработување бележници за книги, гледање на филмови изработени според книгите, итн… Клубот се состои од 27 пријавени членови кои сами ги избираат книгите на месецот чии жанрови варираат и опфаќаат најразлични тематики, а во секој состанок се организира и некоја специјална активност поврзана со избраната книга. Со ова се креира една прекрасна атмосфера во која младите љубители на литературата можат слободно да ги искажуваат своите мисли, идеи и страста кон пишаниот збор.

**Cupcake challenge**

За да се продолжи со празничното расположение меѓу волонтерите во Клубот на млади од Црвен крст Охрид, се организираше една поопуштена активност односно Cupcake challenge. На истиот, групи од волонтери добија задача да декорираат мафини и да ги презентираат пред комисијата од координативното тело на млади, а истите одбраа победник според неколку критериуми. Со ова започна работата на Клубот во новата 2024 година - се надеваме на успешна и ефикасна работа во текот на целата година

**Обука за шминкери**

Во периодот од 26 јануари до 4 февруари се одржа обука за шминкери за реалистично прикажување на рани и повреди во Клубот на млади од Црвен крст Охрид. Преку одржани 7 работилници и пробното тестирање, 15 волонтери кои учествуваа на обуката ги увидоја и извежбаа основите и техниките кои им се потребни за да работат на терен. Обуката ја спроведе долгогодишната волонтерка и член на националното координативно тело Сара Коваческа со помош од членот на координативно тело за мотивација, Калина Стојаноска, и на истата волонтерите научија како да изработат и претставaт имитација на скршеници, посекотини, убодни рани, ампутации и изгореници. Во наредниот период ќе се работи на усовршување на вештините на овие млади и нивно сертифицирање.

**Red cross hunt**

Партнер - клубовите се два или три Клубови на млади кои склучуваат соработка со цел организирање на заеднички активности за нивните волонтери. На 27 и 28.01.202 година, 19 волонтери од Клубовите на млади од Црвен крст Охрид и Црвен крст Битола учествуваа на партнерска активност во Охрид, односно на организираниот Red Cross hunt според идејата на претходниот координатор на млади на националното друштво. На истата тие имаа можност во мали групи да го истражат градот Охрид, да ги споделат своите знаења за организацијата на пунктовите за дисеминација, да се здобијат со симболични подароци за нивниот труд, и најважно, да се запознаат повеќе меѓусебе и да поработат на своите тимски вештини. Се заблагодаруваме за учеството на сите волонтери и се надеваме дека оваа соработка ќе продолжи и понатаму со уште поуспешни активности

**Пробни врснички едукации**

Во текот на месец јануари 2024 година во Црвен крст Охрид се одржаа пет пробни врснички едукации на волонтерите кои учествуваа на тренингот за врснички едукатори минатиот декември.

Беа опфатени неколку теми од различни области, и тоа :

"Безбедност на интернет" - Иво Георгиески и Петар Целакоски

"Здрави навики" - Арсениј Ѓоршески и Ивона Аврамоска

"Како да станете најдобра верзија од себе?" - Лија Камбер и Давид Бујароски

"Црвен крст во светот" - Стефанија Битолкоска и Теона Талевска

"Како да се разрешиме од нездравите навики?" - Сара Петкоска и Јана Џамтоска

Околу 30 волонтери имаа можност да ги проследат овие работилници и да се информираат повеќе на овие значајни теми кои се актуелни во општеството .

Им посакуваме среќа на нашите волонтери понатаму во процесот на дообучување и усовршување на нивните вештини

**Night to shine**

Волонтерите од Црвен крст Охрид и оваа година по трет пат беа дел од свечената матурска вечер посветена на лицата со посебни потреби, која е во организација на Tim Tebow Foundation, под име "Night to shine". Настанот се одржа на 9 февруари во Ресен, и на истиот учество зедоја 15 млади волонтери од Клубот на млади кои три часа се дружеја, играа, пееја и се забавуваа со специјалните гости на вечерта. Ни причинува огромно задоволство што волонтерите од Клубот на млади од Црвен крст Охрид имаа повторно прилика да ја почувствуваат магијата на овој настан и со овие личности заедно да ги делат насмевките.

**Ден на вљубените**

Во нашиот Клуб постојано се трудиме да организираме активности иницирани и побарани од младите волонтери . Со таа цел, по повод Денот на вљубените минатата среда на редовниот состанок организиравме работилница за изработка на оригами на која учествуваа 18 волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид. Околу 200 изработки на 14.02.2024 година беа поделени од нашите волонтери на граѓаните од нашиот град кои беа излезени во центарот за да го одбележат овој празник.

**Состанок за лидери од Клубовите на млади**

На ден 17.02.2024 година со почеток од 12 часот во Млади Хаб во Скопје се одржа првиот состанок за лидери од сите Клубови на млади од нашата држава за 2024 година.На истиот учествуваа претставници од повеќето општински организации, членовите на националното координативно тело, претседателот на Совет на млади и координаторот за млади на нашето национално друштво. Беше дискутирано на повеќе теми и беа презентирани нови програми и одлуки кои ги засегаат младите во нашата организација, како на пример продолжувањето на програмата Зелен Волонтеризам, реализирањето на тековните активности и организацијата на изборите за нови раководства на Клубовите на млади. На овој состанок присуствуваше и лидерот на Клуб на млади при Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид, Борче Исакоски.

**Мотивациска работилница за крводарители**

На ден 19.02.2024 година се организираше Мотивациска работилница за крводарители во ОСУ "Св. Климент Охридски" – Охрид од страна на обучени мотиватори за крводарителство од Црвен крст Охрид и претставник од Служба за трансфузија Охрид. 80 ученици од 3та и 4та година научија повеќе за процесот на дарување крв, критериумите за да се биде крводарител, личните бенефиции и важноста на дарувањето. За градење на подобар свет, клучно е поттикнувањето на хуманост, свесност и активизам кај младите. Ние се надеваме на успешна крводарителска акција со многу хумани гимназијалци, а притоа изразуваме благодарност до Гимназијата на отворената соработка!

**Работилница за влијанието на социјалните мрежи**

На 21.02.2024 година на Клубот на млади при Црвен крст Охрид претходниот лидер на Клуб на млади и долгогодишната волонтерка Анастасија Стојаноска одржа работилница за влијанието на социјалните мрежи под името "Одјави се, појави се".Околу 20 млади имаа можност да дискутираат за важноста на социјалните мрежи во секојдневниот живот, нивните предности и маани, како и за начини како да го намалат нивното негативно влијание. И се заблагодаруваме за нејзината посветеност и амбициозност, како и за спремањето и реализирањето на прекрасната работилница.

**Дебатен клуб**
На 26.02.2024, започна со работа младинскиот дебатен клуб во Црвен крст Охрид. Клубот се формираше на иницијатива на волонтерката од Мировниот корпус којашто работи во Црвен крст Охрид, Danielle Hamilton, како и младите волонтери Дарио Транталовски и Методија Стојаноски. Состаноците на дебатниот клуб ќе се одржуваат на секои 2 недели во просториите на Црвен крст Охрид. Членовите на Клубот имаат можност да дебатираат на различни теми, да ги применуваат и да ги јакнат своите вештини за аргументирање и за критичко размислување, како и да стекнат нови способности.

**Врснички едукации**
Црвен крст Охрид почна со реализирање на врснички едукации во 2024 година со цел побрзо исполнување на минимум стандардите за информирање на населението .

- Во периодот од 27 до 29 февруари беа одржани три врснички едукации и беа опфатени 73 ученици од осмо одделение и тоа во следните училишта:
  - Сара Петкоска и Јана Џамтоска (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од сексуално преносливи инфекции" ) - ООУ "Дебрца" ПУ с.Требеништа. ;
  - Иво Георгиески и Петар Целакоски (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од болести на зависности" ) - ООУ "Григор Прличев" ;
  - Калина Стојаноска и Радмила Герасимова (врсничка едукација на тема "Превенција од трговија со луѓе" ) - ООУ "Дебрца" ПУ с.Требеништа.
- Во периодот од 4 до 7 март беа одржани три врснички едукации и беа опфатени 56 ученици од осмо одделение, трета и четврта година средно и тоа во следните училишта :
  - Давид Бујароски и Филипа Мијалкова (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од болести на зависности" ) - ООУ "Св. Климент Охридски" ;
  - Стефанија Битолкоска и Теона Талевска (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од трговија со луѓе" ) - СОСУ "Св. Кирил и Методиј" ;
  - Сара Петковска и Борче Исакоски (врсничка едукација на тема "Превенција од сексуално преносливи инфекции" ) - ООУ "Григор Прличев" Рача.
- На 25 март и 3 април беа одржани две врснички едукации и беа опфатени околу 30 ученици од осмо одделение и трета и четврта година средно и тоа во следните училишта:
  - Лија Камбер и Калина Стојаноска (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од трговија со луѓе" ) - ОЕМУЦ "Св. Наум Охридски" ;
  - Арсениј Ѓоршески и Ивона Аврамоска (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од болести на зависности" ) - ООУ "Кочо Рацин".

Со тоа беа завршени сите пробни едукации на кандидатите за врснички едукатори од Клубот на млади во Охрид од последниот тренинг.

**Работилница за знаковен јазик**
На 28.02.2024 година на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид одржан на 19 млади им беа презентирани основите на македонскиот знаковен јазик. На оваа работилница одржана од страна на волонтерите Арсениј Ѓоршески и Ангел Крстески младите се запознаа со азбуката и најкористените зборови од знаковниот јазик, како и да ја сфатат неговата важност во секојдневието. Дополнително, на почетокот на состанокот лидерот на Клуб на млади Борче Исакоски и волонтерот Иво Георгиески им ги пренесоа на присутните искуствата од последниот состанок со националното координативно тело и ПОКОО проценката со цел нивно тековно информирање.

**Обука за прва психолошка помош и психосоцијална поддршка**

На 2 и 3 март во Црвен крст Охрид беше одржана обука за основите на првата психолошка помош и психосоцијалната поддршка за волонтерите од Клубот на млади и учесниците на обуката за прва помош. Обуката ја спроведоа членовите на националниот тим за прва психолошка помош од нашата општинска организација, Ранко Раткушиноски и Катерина Наумоска, и ги опфатија следниве теми :

- Благосостојба и нејзините елементи ;
- Основи на прва психолошка тема;
- Основи на психосоцијална поддршка; и
- Грижа за себе

Обуката траеше вкупно 6 часа, а ја проследија 24 млади кои се стекнаа со вештини и знаења за подобар пристап на терен и укажување на помош како потенцијални идни тимови за прва помош

**Мотивациска работилница за крводарители во СОСУ "Св. Кирил и Методиј" – Охрид**

Потребите за крв секојдневно се зголемуваат, а со тоа се зголемува и потребата за повеќе крводарителски акции и хумани крводарители.Со таа цел, на 04.03.2024 година нашите мотиватори за доброволно крводарителство од Клуб на млади при Црвен крст Охрид, Стефанија Битолкоска и Ивана Котеска одржаа мотивациска работилница со ученици од трета и четврта година од СОСУ „Св. Кирил и Методиј" Охрид за учениците да ги добијат сите потребни информации околу крводарителството, дознавајќи ги бенефициите од крводарувањето и спасувањето животи .

Им благодариме на сите присутни и на службата за присуството, и ги мотивираме да учествуваат на крводарителската акција во среда на 6.3.2024 година

**Работилница за 8ми Март**

По повод интернационалниот ден на жената во Клубот на млади во Црвен крст Охрид секоја година традиционално се подготвуваат честитки за случајни минувачи и вработените во институциите кои го празнуваат овој празник. И оваа година за таа цел волонтерите од Клубот на млади организираа креативна работилница. Честитките беа изработени во една пријатна и работна атмосфера во која волонтерите се дружеа и се забавуваа.

**Работилница со Клуб на стари лица „Најди време“**

На ден 13.3.2024 година на редовниот состанок се одржа креативна работилница со волонтерите од Црвен крст Охрид од Клубот на млади и Клубот на стари лица "Најди време" со цел поттикнување на меѓугенерациската соработка кај волонтерите. На истата учествуваа 7 волонтери од Клубот на стари лица и 22 волонтери од Клубот на млади, меѓу кои и дел од ПХВ младинците од овогодишниот циклус, кои споделија знаења во врска со своите техники за изработка на декорации. Се заблагодаруваме за одвоеното време и придонесот на волонтерите, и се надеваме на плодна соработка.

**Учество на младински камп**

Во периодот од 15 до 17 март 2024 година, волонтери од Црвен крст Охрид, Јана Каралиевска и Исидора Маркоска учествуваа на кампот во организација на Црвен крст Струмица по повод традиционалниот Струмички карневал.На истиот, тие имаа можност да се запознаат со волонтери од други градови и да помогнат во тимот на логистика на настанот. Се заблагодаруваме на Црвен крст Струмица за овозможената прилика и гостопримството

**Екскурзија со Здружението „Тајните на моето срце“**

И оваа година Црвен крст беше поканет на настан од Здружението „Тајните на моето срце“. Волонтерите од Оштинска организација Охрид на 24.03.2024 (недела) беа на планинарска тура од Велестово до селото

Шипокно водени од планинарското друштво ЗП ВЕЛИКАМЕН. Со оваа планинарска тура им дадовме шанса на децата со посебни потреби да се социјализираат, да се чувствуваат сакано, да се среќни и да направат незаборавни моменти.

**Работилница за алатки за промоција**

Со цел подобра подготовка на волонтерите за претстојните избори за раководство на Клуб на млади и дополнителен развој на нивните вештини, на редовен состанок на Клуб на млади на 27.03.2024 година во просториите на Црвен крст Охрид, беше одржана работилница за алатки за промоција на која учествуваа 15 млади. Работилницата беше одржана во соработка со волонтери од Клубот на млади на Црвен крст Струга, на која беа објаснати основите на маркетингот и промоцијата, како и начините за изработка добра фотографија, објава, постер и видео. На истата беа одржани неколку кратки интерактивни сесии од страна на координаторот на млади на Црвен крст Струга Моника Мечкароска, лидерот на Клуб на млади од Црвен крст Охрид Борче Исакоски, и волонтерите од Црвен крст Охрид, Марио Ѓореско и Иво Георгиески. Се заблагодаруваме на сите за присуството и на Црвен крст Струга за добрата соработка.

**Кариерно советување во Клуб на млади**

Како и минатата година, земајќи ги в предвид потребите на волонтерите во Клубот на млади, на ден 28.03.2024 година, се одржа сесија за кариерно советување во просториите на Црвен крст Охрид од страна на советничката за кариерен развој Марија Коваческа. На истата 16 волонтери, воглавно ученици од трета и четврта година средно, се запознаа со тоа како можат да ги откријат своите интереси, своите квалитети, како и тоа што следи понатаму во однос на бирањето на нивната професионална кариера .

**Работилница за врснички едукатори**

На 31.03.2024 г. во Клубот на млади при Црвен крст Охрид според годишната програма за работа беше одржана работилница за врсничките едукатори кои активно и посветено работат на терен во моментот. Работилницата ја водеше лидерот на Клуб на млади Борче Исакоски и на истата учествуваа 18 од 20 врснички едукатори кои работеа на следните прашања :

- Споделување искуства меѓу различните генерации едукатори за различните теми;
- Изработка на генерални концепти за одржување на врсничка едукација на секоја тема;
- Изработка на акциски планови за отворени денови и герила акции на овие теми; и
- Изработка на план за промоција на врсничката едукација и темите на кои истата се одржува.

Во времетраење од три часа врсничките едукатори се дружеа, работеа и придонесоа во унапредувањето на Клубот на млади и исполнувањето на критериумите според минимум стандардите. Им посакуваме успешна работа во наредните месеци

**Online работилница**

На 04.04.2024г, на редовниот состанок во Клубот на млади во Црвен крст Охрид, младите волонтери имаа прилика да учествуваат на онлајн работилница "Learning skills to lead your life". На оваа работилница тие имаа можност да слушнат повеќе за тоа како да развијат здрави навики кај себе и кај своите блиски, и како да станат поактивни членови на нивните заедници. Работилницата се одржа во соработка со организацијата Canadians For Children At Health Risk од страна на фасилитаторот dr. Raphael Lindsay на кои им искажуваме благодарност за одвоеното време

**Едукации против формула на вода**

Во текот на ПХВ циклусот група младинци од Црвен крст одлучија дека сакаат да превземат иницијатива за спречување на одржување на формула на вода во Охридското Езеро. Одржувањето на овој настан би испуштило многу штетни гасови во Охридското Езеро кои ќе го нарушат биодиверзитетот, ќе придонесат

во истребување на ендемските видови во езерото и ќе ја нарушат температурата на истото. Исто така, би биле отстранети од листата за заштита од УНЕСКО. Со цел да придонесат да се спречи сето ова, групата РИБАРЧИЊА, одржаа неколку едукации, во периодот од 10ти до 20ти април, во училиштата во Лескоец, Дебрца, Требеништа, Рача и Григор Прличев. Со овие едукации беа презентирани сите закани кои се предизвикани од настанот - формула на вода F1-H2O.

**Работилница со координатори на млади**
Во рамките на годишната програма за млади на Црвениот крст на Република Северна Македонија предвидено беше унифицирање и надградба на постојното младинско работење на локално ниво. За таа цел во периодот 12-14 април се одржа работилница со координатори на млади од општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје на која присуствуваше и координатор на млади, Радмила Герасимова. Оваа работилница значително придонесе за збогатување на знаењата за Клубот на млади, промовирајќи начини како да се унапреди работата истиот. Исто така, беа разработени обврските на сите координатори на млади како и начините за унапредување на системот на локалното младинско работење. Заклучоците беа пренесени и на раководното тело на Клубот на млади при Црвен крст  Охрид.

**Едукативен еко-камп**
Во текот на ПХВ циклусот група младинци од Црвен крст  Охрид одлучија дека сакаат да креираат нешто со кое ќе се вклучени во националниот парк Галичица и после ЦКА-ПХВ програмата. Затоа тие организираа едукативен камп во с. Велестово од 19 до 21 април на кој целна група беа студентите од факултетите во Охрид. Тие имаа можност да се запознаат повеќе со Националниот парк Галичица и разновидноста на растенија и животни во него. Се одржаа и други обуки за подетално запознавање на Црвениот крст, спасители на вода и снаоѓање во природа. Покрај обуките имаа и други рекреативни активности кои служеа за меѓусебна дружба, запознавање, споделување работи и истражување на околината на с. Велестово. Иницијативата која произлезе од кампот е отворање на еко клуб кој ќе работи со Националниот парк Галичица, каде што акцискиот план се состои од чистење на одредени локации во паркот, дебати поврзани со екологија и состаноци

**Ден на планетата Земја**
На ден 25.4.2024 по деновите со лоши временски услови беше конечно реализирана активноста по повод Ден на планетата Земја - 22 април. За таа цел, волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид со разгорени факели маршираа во центарот на градот со цел да ја покренат свесноста за ставање крај на глобалното затоплување и загадување и рационално користење на енергијата

**Работилница за лидерство и проценка на капацитети на волонтери**
Во периодот од 28 до 30 април во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во село Велестово се одржа работилница за лидерство и проценка на капацитети на волонтери на која учествуваа 30 волонтери од Клубот на млади, заинтересирани за кандидирање на претстојните избори и поддршка на Клубот во наредните две години. Истата ја органираше сегашното раководство на Клубот на млади, и на неа младите имаа можност да се запознаат повеќе меѓу себе, повеќе со начинот на работа и структурите на младинското работење во рамките на нашата организација, но и да работат на своите тимски и комуникациски вештини. На самата работилница беа распишани официјално и изборите за ново раководство на Клубот кои се одржаа на 15.05.2024 година во просториите на Црвен крст  Охрид со почеток од 20 часот .

**Избори за ново раководство на Клуб на млади**
На ден 15.5.2024 во просториите на Црвен крст Охрид младите волонтери го избраа новото раководство коешто ќе ги води во наредните две години односно за време на мандатот 2024 - 2026 година на

овогодинешните избори. На изборниот состанок право на глас оствариjа 43 членови од Црвен крст Охрид, со што изборите поминаа според сите регуларности и правила. За тоа се погрижиjа телата формирани за реализирање на изборите т.е. работното претседателство кое се состоеше од Борче Исакоски како претседател, Калина Стоjаноска и Методиjа Стоjаноски, комисиjата за гласање составена од Ивана Котеска - претседател, Сара Петковска и Стефаниjа Битолкоска, записничар - Ѕвездан Јончевски и неговиот оверувач - Петар Целакоски. Изборниот состанок го отвори лидерот во заминување Борче Исакоски во присуство на волонтерите, кандидатите за ново раководство кои ги претставиjа своите програми, членовите, и претставници на општинската организациjа т.е. секретарот Мимоза Ставрева и стручните работници Даниела Вељановска и Ранко Раткушиноски. За нов лидер на Клубот на млади со мнозинство гласови беше избран Иво Георгиески, додека за заменик - лидер Сара Петкоска. За членови на координативното тело беа избрани кандидатите: Анастасиjа Атесленко, Софиjа Стоjаноска, Теона Талевска, Давид Тризагароски и Ангел Крстески.
Се заблагодаруваме на сите оние кои присуствуваа на изборниот состанок, на досегашното раководство на Клубот на млади кои успешно и напорно ги водеше волонтерите изминатите две години, и му посакуваме среќа на новото раководство да продолжи да го прави истото во наредниот период

**Ден на пожарникарите**

По повод 20 мај - Денот на пожарникарите, Територијалната Против Пожарна Единица на градот Охрид организираше симулациска вежба на која беа поканети и волонтерите на Црвен крст Охрид. На истата беше одржан свечен говор пред претставниците од Општина Охрид и други институции од градот, па гостите имаа можност да проследат симулација на спасување на повредени од сообраќајна несреќа. Екипата по прва помош на Црвен крст Охрид која победи на Регионалниот натпревар по прва помош, учествуваше во вежбата со санирање на повредите на глумците по извлекувањето од возилото од страна на пожарникарите. Се заблагодаруваме за поканата за учество на ТППЕ Охрид и се надеваме на поголема соработка во наредниот период.

**Еко клуб**

Како резултат на еден од овогодинешните ЦКА-ПХВ проекти, за прв пат е формиран ЕКО КЛУБ на млади, помеѓу Национален парк Галичица и Црвен крст Охрид. Со заедничка визија и мисија да се помага обострано, но пред се промоција и зачувување на природните и културните вредности на Националниот парк Галичица во идниот период ќе се започне со реализација на голем број активности реализирани од млади ентузијасти.

**Еколошки едукации**

Во склоп на националната програма "Зелен Волонтеризам" се реализираа еколошки едукации во основните училишта од нашиот град. Беа одржани четири врснички едукации и тоа:
17.5.2024 - Борче Исакоски одржа врсничка едукација со 15 дечиња од прво одделение од ООУ "Христо Узунов".
21.5.2024 - Калина Стојаноска и Ангел Крстески одржаа врсничка едукација со 50 ученици од трето одделение од ООУ "Христо Узунов".
21.5.2024 - Радмила Герасимова и Ивона Тасеска одржаа врсничка едукација со 22 ученици од трето одделение од ООУ "Христо Узунов".
21.5.2024 - Борче Исакоски и Ивона Тасеска одржаа врсничка едукација со 49 ученици од трето одделение од ООУ "Христо Узунов".
На овие едукации дечињата се запознаа со тоа зошто е важно да го фрлаат отпадот во канта, да селектираат отпад, како и колку време му е потребно на различните материјали да се разградат во природата

**Еко-акции**
На 5.6.2024 волонтерите на Црвен крст Охрид беа присутни на еко-акција во ОЕМУЦ "Св. Наум Охридски" - Охрид во чест промоција на новата иницијатива "Trash-Pinger".
На 9.6.2024 волонтерите на Црвен крст Охрид беа присутни на еко-акција за чистење на Охридското Езеро во соработка со Здружението на Нуркачи.

**Back to nature**
Во рамки на активностите од програмата "Зелен Волонтеризам 2024" и меѓународниот аматерски театарски фестивал "Вдиши театар 2024" на 13 јуни во ЕТЦ на Црвен крст Охрид во с. Велестово се одржа интерактивна работилница на тема„Младински активизам". На истата млади волонтери од Црвен крст Охрид, Црвен крст Суботица и Црвен крст Крагујевац имаа можност да се запознаат, работат на своите тимски вештини, продискутираат за тоа што значи да си активист и како да си еколошки одговорен во заедницата, а и директно на терен спроведоа еколошка акција во околината на планинскиот дом. На работилницата учествуваа 22 млади волонтери, а беше организирана од страна на Борче Исакоски со асистенција на Анастасија Атесленко, Иво Георгиески, Ана Мојсоска и Сара Петкоска.

**Ораторска вечер**
По повод Светскиот ден и Недела на Црвениот крст и Црвената полумесечина кои се одбележуваа во месецот мај, волонтерите на Клуб на млади од Црвен крст Охрид на 6.6.2024 (четврток) во 19.30h во Shilla - Coffee & Bar организираа ораторска вечер. Целта на оваа активност беше повторно да го раШириме уметничкиот и креативниот дух на младите охриѓани. На настанот беа претставени неколку оригинални творби на теми поврзани со Црвениот крст и волонтерството. Со тоа, се надеваме дека беше покренат духот на хуманоста кај оние кои ги слушаа младите поети, особено кај нивните врсници. За крај, се заблагодаруваме на сите учесници, волонтери, Shilla - Coffee & Bar за поддршката и помошта при организирање на овој настан

**Online работилница за Никола Тесла**
На 10.07.2024 г. во просториите на Црвен крст Охрид, по повод 168 годишнината од раѓањето на големиот визионер и научник, Никола Тесла (род. 10.07.1856), се организираше инспиративна, едукативна, онлајн работилница на тема „Младите и науката", а со наслов „Никола Тесла: неговиот живот, пронајдоци и наследство" во организација на Црвен крст Охрид во партнерство и соработка со организацијата Canadians For Children At Health Risk, од Торонто, Канада. На online работилницата младите волонтери од Клубот на млади од Црвен крст Охрид и младите волонтери од Црвен крст Крагуевац и Суботица уживаа во прекрасната презентација за за животот на Никола Тесла, од презентерот професор Др. Мајда Ѓорѓевиќ, од Образовната Корпорција „Никола Тесла", Хамилтон Онтарио, Канада.

**Партнерска активност**
Изминатиот викенд во периодот од 12.07.2024 до 14.07.2024 година, 5 волонтери од Клубот на млади на Црвен крст Охрид учествуваа на меѓу партнерска активност со покана од страна на Црвен крст Битола. На партнерската активност волонтерите имаа можност да се запознаат меѓусебе преку најразлични активности како и да стекнат и да ги подобарат своите вештини во просториите на Црвен крст Битола. Партнерската активност беше успешно реализирана и исполнета со многу убави моменти, тим билдинг, стекнати знаења и разменети искуства. Се заблагодаруваме на поканата и доброто гостопримство и се надеваме на успешна понатамошна соработка.

**Coffee & talks**

На 17.07.2024 во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во с. Велестово се одржа традиционална активност во Клубот на млади од Црвен крст Охрид - Coffee & talks на тема „Менталното здравје кај младите“. На работилницата присутните волонтери имаа можност да се запознаат меѓусебе како и да се запознаат со термините ППП - Прва психолошка помош и ПСП - Психо социјална поддршка. Работилницата беше одржана од страна на - Ранко Раткушиноски - психолог и Катерина Наумоска - проектен координатор, а истата беше организирана од страна на раководството на Клуб на млади од Црвен крст Охрид.

**Национален летен младински камп 100% Црвен крст**

Во периодот од 18 до 24 јули во кампот „Скаут" во Струга по петнаесетти пат се одржа Национален летен младински камп 100% Црвен крст во кој учествуваа претставници од 30 општински организации како и претставници од Црвен крст Охрид, лидер и заменик - лидер на клуб на млади Иво Георгиески и Сара Петкоска. Агендата се состоеше од најразлични активности за стекнување на лидерски вештини кај младите. Младите во своите матични општински организации понесоа нови знаења, идеи и искуства за подобрување на Клубот на млади.

**Меѓународен ден на млади**

По повод Меѓународниот ден на младите, на 12.08.2024, Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше настан на градскиот плоштад насловен „Од млади за млади“. Овој настан имаше за цел промоција на работата на Црвениот крст, мотивација на волонтери и регрутација на нови волонтери. Во текот на настанот, младите волонтери презентираа бројни активности во рамките на повеќе дејности на Црвениот крст, и тоа: здравствено-превентивната дејност, прва помош, ментално здравје, спасувањето на вода. Исто така, на неколку пунктови се презентираше работата на волонтерите во Клубот на млади, а со своја музичка изведба настапија и талентираните волонтери од Клубот. Со посветеност и професионализам, спасителите на вода демонстрираа дел од опремата и, заедно со тимот за прва помош, направија симулација на реална ситуација на плажа. Младите се движечката сила на општеството и Црвен крст Охрид им го честита Меѓународниот ден на младите на сите волонтери од Клубот на млади кои дел од своето време посветуваат на разубавувањето на нечиј ден преку хумани дела.

**Escape room**

Во периодот од 28 до 30 август на паркингот на Младински центар Охрид и Касарна Хаб, волонтерите од Клубот на Млади на Црвен крст Охрид самоиницијативно организираа Escape Room по втор пат на кој учествуваа 19 групи на млади. Волонтерите го организираа овој настан, кој им овозможи на младите да стекнат важни вештини од областа на првата помош и да научат да работат под притисок како тим, функционирајќи како единствена целина. На крајот, сите учесници сфатија дека не секогаш работите одат според планот и дека понекогаш е потребно да се импровизира во одредени ситуации. Иницијативата беше покрената од страна на волонтерот Арсениј Ѓоршески со помош за организација и логистичка и техничка поддршка на уште 10тина волонтери од Црвен крст Охрид. Посебна благодарност и до МЦО Охрид, Касарна Хаб и сите останати вклучени во реализацијата на оваа активност. Собраните средства ќе бидат наменети во хуманитарни цели. Најпопуларната фраза на Escape Room беше „Гледај ме во очи“. Ова не беше случајно, туку со цел да се истакне важноста на преземање одговорност и справување со предизвиците со самодоверба и решителност.

**Иницијатива за формирање мрежа за еколошка едукација**

Црвен крст Охрид, Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје и Јавната установа Национален парк Галичица иницираа формирање мрежа за еколошка едукација во којашто ќе членуваат основни училишта и невладини организации од охридско-преспанскиот регион и од соседните региони. Едукацијата, формална

и неформална, а особено едукацијата на младите генерации, е клучна компонента на грижата за природните богатства и на заложбите за одржлив развој. Така, основната цел на формирањето на Мрежата е унапредување на еколошката едукација во охридско-преспанскиот регион со акцент на едукацијата за зачувување на природните вредности во Националниот парк Галичица, како и едукацијата за влијанијата на климатските промени врз Паркот и, пошироко, врз регионот. Преку меѓусебна соработка и градење партнерства, членките на Мрежата ќе работат на ширење на знаењето за природните богатства во Паркот и на промоција на грижата за тие богатства и ќе поттикнуваат проактивен однос кон предизвиците коишто произлегуваат од климатските промени. Во фокусот на работењето на Мрежата ќе биде едукацијата на учениците од основните училишта.За да се презентира оваа иницијатива пред заинтересирани организации, на 30.08.2024, во просториите на Црвен крст Охрид се одржа состанок во којшто учество зедоа претставници на основни училишта и невладини организации. Иницијативата ја презентираа Катерина Наумоска, претставничка на Црвен крст Охрид и Ангела Тасеска Михајловска, претставничка на Јавната установа Национален парк Галичица. Потоа, присутните отворија дискусија за начинот на дејствување на Мрежата. Мрежата за еколошка едукација се воспоставува во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, којшто е поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust - PONT, а го спроведуваат Општинска организација Охрид и Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ во соработка со Јавната установа Национален парк Галичица.

**Red Cross Ohrid United 2024**
На 01.09.2024 година во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во с. Велестово се одржа активноста која је реализираме втора година по ред во Клубот на млади од Црвен крст Охрид, Red Cross Ohrid United 2024. На овој настан учествуваа околу 30 волонтери кои во последните неколку години активно придонесувале за развојот на Клубот на млади. Волонтерите имаа можност да разменат искуства, да стекнат нови пријателства и се тоа зачинето со добра дружба и забава.

**Sunset & Chill**
На ден 14.09.2024 Клубот на млади од Црвен крст Охрид организираше креативна и релаксирачка работилница во паркот кај Куба Либре наменета за млади, SUNSET && CHILL. Оваа активност е со цел да создаде опуштено и пријатно дружење во атмосфера со зајдисонце, музика и добра енергија.

**Матуранти 2024**
На 14.09.2024 година во просториите на Црвен крст Охрид, со голема чест волонтерите на Клубот на млади им доделија подароци и благодарници на овогодинешните матуранти. Овој настан беше со цел Црвен крст Охрид да се заблагодари на волонтерите кои оставиле вистинска промена и придонес за организацијата. Настанот беше исполнет со среќа, емоции и благодарност. Ги мотивираме сите волонтери да продолжат да ја шират хуманоста.

**Дебата на тема: Која е важноста на Клубот на млади?**
Во рамките на одбележување на Недела на млади 1-7 октомври Клубот на млади Црвен крст Охрид организираше дебата на тема Која е важноста на Клубот на млади?. Дебата ја водеше волонтерката од мировен корпус - Danielle Hamilton и проектен координатор - Катерина Наумоска. На дебатата учествуваа членови на Дебатниот клуб и волонтери на Клубот на млади кои беа поделени во две групи кои имаа можност да дебатираат на темата како и да го дадат својот фидбек.

**Обука за мотиватори за крводарители**

Во периодот од 25 до 27 Октомври волонтери од Црвен крст Охрид учествуваа на работилници за врсничка едукација на млади на тема крводарителство. Преку разновидни активности обуката им овозможи запознавање со крводарителството, неговите принципи како и на кој начин најдобро истите да ги пренесат на своите врсници. Обуката беше заокружена со симулација на крводарителска акција која волонтерите самостојно ја организираа.

На оваа обука учество зедоа нашите волонтери Сара Петкоска и Арсениј Ѓоршески заедно со млади од другите општински организации на Црвен Крст.

**Врснички едукации за превенција од сексуално преносливи болести**

Сексуално преносливите инфекции, како што се СИДА, кламидија, сифилис и ред други, се на потег, затоа е од особена важност нивната рана детекција и дијагноза!

Во рамки на пробните врснички едукации со цел побрзо исполнување на минимум стандардите за информирање на населението беа одржани две едукации за СПИ со ученици од 8 одделение:

- Сара Петкоска и Јана Џамтоска (пробна врсничка едукација на тема "Превенција од сексуално преносливи инфекции" ) - ООУ "Дебрца" ПУ с.Требеништа. Опфатени 15 ученици
- Сара Петковска и Борче Исакоски (врсничка едукација на тема "Превенција од сексуално преносливи инфекции" ) - ООУ "Григор Прличев" Рача. Опфатени 18 ученици

**Ноември- месец на борба против болести на зависност**

Црвен крст Охрид во соработка со СВР Охрид, активно го одбележа овој месец преку реализација на 21 врсничка едукација во основните и средните училишта во нашиот град. Предавањата беа спроведени од страна на обучени волонтери - врснички едукатори, со цел подигнување на свеста кај младата популација, особено учениците од 8. одделение до втора година средно образование, за опасностите и последиците од болестите на зависности. На овие сесии се разговараше за здравите навики , ризиците од зависности и нивната превенција .

Врсничките едукации се одржаа во:

- 11.11.2024 - ООУ „Братство единство"
- 12.11.2024 - ООУ „Христо Узунов"
- 13.11.2024 - ООУ „Григор Прличев"
- 14.11.2024 и 28.11.2024 - ОСУ „Св. Климент Охридски"
- 14.11.2024 - СОСУ „Св. Кирил и Методиј"
- 22.11.2024 - ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски"
- 29.11.2024 - ООУ „Кочо Рацин“
- 19.12.2024 - РЦСОО „Ванчо Питошески” - Охрид

Превенцијата од болести на зависности е клучна затоа што младите се најранлива група која често се соочува со притисок и предизвици во донесувањето правилни одлуки. Преку едукација и поддршка, ги насочуваме да изградат здрави навики, и свесност за ризиците што зависностите ги носат. Вкупно беа опфатени 1135 ученици во овие врснички едукации, што ја покажува големата важност и успешност на овие активности.

Покрај спроведените едукации, волонтерите од Клубот на млади изработија и онлајн кампања за превенција од болести на зависности. Кампањата беше објавена на социјалните мрежи на Црвен крст Охрид, со цел пошироко информирање и подигнување на јавната свест за оваа тема.

Одбележувањето на овој месец е потсетник дека сите заедно можеме да влијаеме – како врсници, наставници, родители и заедница. Превенцијата започнува со свест , а продолжува со акција.

**Панел дискусија за млади за превенција од болести на зависности**

На 06.11.2024 во просториите на Црвен крст Охрид, Клубот на млади организираше „Панел дискусија за млади за превенција од болести на зависности”. Целта на настанот беше да се поттикне дебата за ставовите и размислувањата на младите лица на оваа тема. Панелот на дискусија за млади започна со презентација на изработената онлајн кампања која беше објавувана на социјалните мрежи на Црвен крст Охрид во текот на целиот месец - изработена од страна на волонтерите на Клубот на млади. Потоа следеше кратко предавање односно врсничка едукација на оваа тема. по што се отвори дискусија која ја започна лидерот на Клубот на млади со прашањето „Според вас, што значи зборот „Зависност”?

**Меѓународен ден на лица со попреченост**

На 04.12.2024, се одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост, со силна порака за инклузија, поддршка и почитување на различностите. Воедно, со голема радост се прослави 5-тиот роденден на Здружението на родители на деца со попречености „Тајните на моето срце“ – која пет години работи на создавање можности и поддршка за лицата со попреченост во нашата заедница. Волонтерите од Црвен крст Охрид и оваа година беа дел од настанот и се погрижија да измамат насмевка на лицата на присутните дечиња, а воедно и да им го разубават денот. Овој ден беше исполнет со инспиративни моменти, позитивна енергија и заеднички напори за подобра и поинклузивна иднина. На крајот на настанот на дечињата им беа поделени и симболични подароци.Благодарност до сите волонтери, поддржувачи и членови на заедницата што ја прават оваа мисија возможна! Секој има право на почит, прифаќање и можност за исполнет живот. Ајде заедно да ја шириме оваа порака!

**Светски ден на волонтерството**

Светскиот ден на волонтерството 5ти декември – ден посветен на сите оние кои несебично го вложуваат своето време, знаење и енергија за доброто на заедницата. По тој повод, волонтерите на Клубот на млади при Црвен Охрид организираа свечен настан исполнет со радост и благодарност. Гостите имаа можност да уживаат во настапот на нашиот бенд HUMANE - ХУМАН, составен од талентирани волонтери. На сите активни волонтери им беа доделени благодарници како знак на признание за нивната посветеност и хуманост.

Волонтерството е срцето на нашата мисија – инспирација и надеж за подобро утре. Благодарение на вашата енергија и љубов, секој ден успеваме да направиме позитивна промена. Ако и ти сакаш да бидеш дел од ова семејство, приклучи се кон нашата приказна на хуманост и заеднички успеси! Биди промена што сакаш да ја видиш во светот.

**Учество на Собрание на младинската теренска единици во Црвен крст Суботица, Р.Србија**

Од 6ти до 8ми декември 2024 година, двајца волонтери од Црвен крст Охрид имаа можност да учествуваат на Собранието на Младинската теренска единица „Др.Слободан Пантелиќ“ која делува во рамки на Црвен крст Суботица. За време на посетата, тие се запознаа со активностите и проектите што ги спроведува локалниот тим, стекнувајќи вредно искуство и инспирација за нови иницијативи. Во рамките на програмата, учествуваа на панел дискусија, каде што се разменија креативни идеи и искуства за зачувување на мотивацијата кај волонтерите.

**Christmas cookie challenge**

На ден 12.12.2024 година на редовниот состанок на Клубот на млади од Црвен крст Охрид, по повод 5 декември - Светскиот ден на волонтерството, се организираше забавниот Christmas Cookie Challenge! Присутните имаа можност да се поделат во тимови и да се натпреваруваат кој ќе ги направи највкусните и најкреативните колачи. Покрај тоа што се забавувавме, ја почувствувавме вистинската магија на празниците и заедништвото.

Не заборавајте дека секој залак од овие празнични колачи беше направен со многу љубов и тимски дух! Голема благодарност до сите кои се приклучија на нашиот состанок и го направија овој настан незаборавен.

**Предновогодишна забава**
На 20.12.2024, Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше предновогодишна забава во Sky Corner кој блескаше од нивната енергија и позитивна атмосфера! Оваа вечер беше вистинска прослава на заедништвото и празничниот дух. Голема благодарност до сите што ја споделија оваа магична ноќ со нас – вашата енергија беше срцето на забавата! Празничната сезона само што започнува, а ние ги очекуваме на уште многу идни дружења! Среќни празници на сите!

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД-АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**
Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 14 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно призната и познатата Бреинобреин програма и во 2024 година нанижа големи успеси.

- **БОБ награди**

Во прекрасен пролетен амбиент на градскиот плоштад „Св. Климент Охридски“ во Охрид на 23.03.2024 година, беа доделени наградите на децата од Центарот за развивање на животни вештини БОБ при Црвен крст Охрид кои учествуваа на 11 Интернационален онлајн Бреинобреин натпревар. Честитки до сите ученици за постигнатиот успех! Благодарност до родителите за несебичната поддршка при реализација на нашите активности.

- **Завршен пролетен циклус од БОБ**

Уште една успешна училишна година за Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин при Црвен крст Охрид, на 08.06.2024 г. се одбележа со завршниот час, во духот на спортот и физичката активност. Децата кои ја следат Бреинобреин (БОБ) програмата со нескриена возбуда и радост уживаа во богатите спортски содржини креирани од професорот по физичка култура Катерина Стојаноска, во Спортскиот центар „Климент Колески“ во Охрид. На сите деца кои ги завршија соодветните нивоа од БОБ програмата, тренерите на оваа програма им ги доделија меѓународните сертификати.Изразуваме благодарност за поддршката до СЦ „Климент Колески“ и проф. Катерина Стојаноска. Бреинобреин програмата во Општинска организација Охрид во моментов ја следат преку 70 деца, а во септември започнуваат уписите на нови групи.

- **БОБ 15 генерација**

Центарот за развивање животни вештини БОБ - Црвен крст Охрид, во јуни 2024 год. ја испрати и 15. генерација генијалци кои ја завршија комплетната, од десет нивоа, интернационална програма Бреинобреин. Станува збор за учениците Ема Савеска и Стефан Трајчески. Ема е ученичка во петто одделение во ООУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид. Оваа година постигна одлични резултати на натпреварите од различен ранг, завршувајќи ја истата со освоени втори места на државните натпревари по природни науки и англиски јазик. Голем љубител е на спортот, посебно на ракометот и пливањето. Стефан е ученик во шесто одделение во ООУ„Христо Узунов“ - Охрид. Негова најголема љубов се природните предмети, особено математиката. Оваа година Стефан на натпреварите освои второ место на регионалниот и трето место на државниот натпревар по математика. Неизоставен дел од нивните награди се и многубројните освоени трофеи, златни медали на БОБ натпреварите организирани на национално и интернационално ниво. И двајцата меѓу своите соученици се препознатливи по својата упорност, истрајност, посветеност, работливост, ненаметливост. Тимот на БОБ - Црвен крст Охрид на Ема и Стефан

им упатува искрени честитки и им порачува да продолжат да чекорат по патот на успехот, зашто успехот ги следи најхрабрите.

- **БОБ во Трпејца на зајдисонце**

Жолтите топчиња на дрвената алатка абакус, совршено се вклопија во прекрасниот залез на сонцето, каде на 19.07.2024г, во рамките на 13. културно – забавно лето "На зајдисонце", дел од тимот на Бреинобреин од Црвен крст Охрид имаше можност да презентира и реализира работилница со деца од различна возраст кои престојуваат и летуваат во Трпејца. Составувањето танграм, приказната поврзана со настанувањето на танграмот, создавање најразлични креации од седумте геометриски полигони, го привлече вниманието на триесетина деца кои уживаа додека создаваа нови креативни креации. Тимот на БОБ изразува благодарност до организаторите за поканата и одвоениот простор да бидеме дел од оваа манифестација.

- **14 години успешна работа на Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН**

На 03.10.2010 година, пред 14 години во Црвен крст Охрид се одржа првиот час на Балканот и во Македонија, на интернационалната едукативна програма за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН. Со гордост ја истакнуваме 14 годишната успешна работа на Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН при Црвен крст Охрид, која се огледа пред се во посветеноста и професионалноста на нашите тренери, упорноста на децата кои ја следеле БОБ програма, како и поддршката на родителите. Изразуваме голема благодарност до сите оние кои ја укажале довербата на нашиот центар и БРЕИНОБРЕИН програмата и придонесле, за овие изминати 14 години, преку 500 деца беа дел од Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН- Црвен крст Охрид и ја следеа програмата, а 80 деца ја комплетираа целата БОБ програма, односно успешно ги завршија сите десет нивоа од оваа програма и кои како лидери во својата средина трасираат нови патишта за развивање на едно похумано и пеофикасно општествено живеење и делување. Нашето 14 годишно искуство и резултатите од имплементација на Бреинобреин програмата ни дава за право да ги охрабриме родителите да се уверат во уникатните, проверени и ефикасни техники и вештини имплементирани од високо професионални тренери со искуство во работа со деца и обучени според меѓународните стандарди на оваа програма, кои преку техниките Абакус Ментална Аритметика (АМА) и Неуро Лингвистичко Програмирање (НЛП) ќе помогнат децата на возраст од 4-14 години да достигнат развој и целосно искористување на мозочниот потенцијал и да бидат спсобни да ги користат двете хемисфери на мозокот, подеднакво и ефикасно. Преку БРЕИНОБРЕИН програмата децата ги стекнуваат, развиваат и потврдуваат своите способности: концентрација, меморија, нумерички и вербални вештини, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми. Центарот за развој на животни вештини БРЕИНОБРЕИН- Црвен крст Охрид продолжува со своите активности и со новите групи на ученици кои деновиве започнаа со следење на БРЕИНОБРЕИН програмата.

**ПОЛЕТАРЧЕ**

Црвен крст Охрид и оваа година продолжи со Програма за подготовка на деца за во училиште. Програмата е наменета за деца од 5 и 6 годишна возраст кои сè уште не тргнале на училиште, без разлика дали посетуваат или посетувале претшколска установа (градинка). Целта на програмата е да се поттикне радост кон учењето и стекнување на нови знаења. Детето со радост да го очекува поаѓањето во училиште, во прво одделение, бидејќи успехот на училиште не зависи само од тоа колку знаење детето ќе донесе со себе, туку и од тоа колку ќе сака да стекне нови знаења.

- **Завршен пролетен циклус од „Полетарче"**

Во прекрасен природа, во дружење, игра и забава, децата што ја следат програмата во едукативниот центар на Црвен крст Охрид „Полетарче" на 06.06.2024 г., го одржаа последниот час од пролетниот циклус на Програмата за подготовка на деца за во училиште. Оваа програма веќе трета година успешно се спроведува во Црвен крст Охрид, а ја следат деца од 3-5 годишна возраст кои имаат единствена можност, преку игра, забава и дружење да ја развиваат и јакнат самодовербата, да применуваат креативни вежби за

размислување, вежби на графомоторика, вежби на фина моторика, вежби за осознавање и разбирање на просторните и временските односи, вежби за говорот, социо-емоционални вежби, вежби за насочување и одржување на вниманието и друго. Во детскиот забавен парк „кај мостот“, за успешно завршениот пролетен циклус на „Полетарче“, на децата им беа поделени соодветни сертификати. Новиот, есенски циклус на забавно-едукативната програма за деца од 3-5 годишна возраст во едукативниот центар на Црвен крст Охрид - Полетарче започна во септември 2024.

- **Работилница со деца од Хелен Дорон**

Во период од 8 до 10 јули во Црвен крст Охрид, од страна на координаторите на програмите Бреинобреин и Полетарче - Валентина Кузманоска и Ангела Кузманоска, беа прифатени децата учесници на летниот камп во организација на Хелен Дорон - центар за странски јазици. На овој начин се продлабочи соработката помеѓу овие центри. За време на посетата на Црвен крст Охрид, согласно возраста на децата (од 3 до 12 годишна возраст), беше направена и презентацијата на Приказната за една идеја, поврзана со ликот и делото на основачот на Црвениот крст – Анри Динан. Децата се запознаа со основните дејности на Црвен крст Охрид, со просторните капацитети, вработените лица и дел од волонтерите, спасители на вода. Воедно беа организирани и кратки работилници за изработка на обележувачи за книги и знаменца со симболот на Црвениот крст. Децата си заминаа полни со впечатоци, посебно од богатата библиотека со книги за деца и возрасни на англиски јазик, со која располага Општинската организација, како и од многубројните признанија, пехари, медали освоени на натпревари, кои ги красат полиците и плакарите на Организацијата.Мислата „За добрина секој ден е добар ден“ ќе остане длабоко врежана во детските главчиња и секогаш ќе ги потсетува дека хуманоста е водечка човечка особина.

**ЖЕНСКИ ХОР Acordis**

Во Црвен крст Охрид успешно функционира женскиот хор ACordis. Формиран е на 11.11.2019 год. на иницијатива на група долгогодишни хористки. Хорот го сочинуваат 15 хористки, кои ги поврзува љубовта кон музиката и хорското пеење. ACordis е спој на музиката и седумте принципи на Црвениот крст: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволност, единство, универзалност и кога би го превеле името,би значело акорди од срце, од душа. Со женскиот хор раководи диригент Биљана Николоска.

- Женскиот хор ACordis при Црвен крст Охрид под водство на диригент Биљана Николоска, имаше чест да настапи на последната вечер на културно - забавното лето „На зајдисонце“ во Трпејца. Хорот имаше одличен настап, а потврда за тоа се бројните позитивните коментари упатени од страна на стручни лица од музиката. Пред бројната публика, хорот се претстави со композиции за женски хор, обработки од народното творештво, како и странски композиции. Настапот беше заокружен со заедничка изведба на охридската староградска песна „Билјана платно белеше“ на хористките и публиката, со инструментална придружба - гитара, Мила Тренеска. Пријатна, топла, летна вечер која ќе се памети и за која долго ќе се зборува.

**НЕГА ЦЕНТАР ОХРИД**

Со добивање на лиценца за провајдер на социјални услуги, во рамките на Црвен крст Охрид официјално со работа започна Нега Центар кој нуди социјални услуги: помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот и лична асистенција на лица со попреченост.
Нега центарот нуди:

- Црвен крст Охрид е провајдер на услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во домот на територија на Општина Охрид
- Со услугата помош и нега ќе се нуди можност на нашите постари граѓани да живеат независно онаму каде што се чувствуваат најудобно – во своите домови

- Со услугата лична асистенција Црвен крст Охрид ќе обезбедува индивидуална помош и поддршка за лица со намален функционален капацитет со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата и вршење на секојдневни активности.
- располагаме со професионални и сертифицирани негуватели и лични асистенти кои нудат домашна помош и домашна нега, за постарите граѓани, лица со попречености но и за сите граѓани кои имаат потреба од ваков вид поддршка.

Основната цел на Нега центар – Охрид е да го подобри и одржува здравјето на корисникот во неговото семејно опкружување.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во рамки на своите програми за промоција и негување на хуманите вредности, поттикнување и развивање на креативноста кај младите, Црвен крст Охрид го организираше деветтото издание на Меѓународниот Аматерски Младински Театарски Фестивал со наслов „Вдиши Театар". Во тридневната програма, својот актерски талент, умешност и креативност, низ 4 театарски претстави го прикажаа повеќе од 30 талентирани млади актери-аматери од организациите на Црвен крст Охрид и од Црвен крст Суботица и Крагуевац, Србија и Црвен крст Бар, Црна гора.

Тесен беше просторот на летната сцена во предворјето на црквата Св.Софија, да ги собере сите љубители на театарската игра, кои на ден 12.06.2024 г. дојдоа да „ВДИШАТ ТЕАТАР" и бидат дел од отворањето на деветтото издание на Меѓународниот Аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР", кој како предвесник на охридското културно лето, во организација на Црвен крст Охрид, се реализираше од 12 до 16 јуни во Охрид и беше поддржан од Општина Охрид. Блескав настап имаше театарската група на Црвен крст Охрид која ја изведе театарската претстава „УТРЕ" во режија на Емилија Блажеска, Весна Терзиоска и Јованка Сион Доленц и кореографија на Даниел Наумоски. Нашите млади, талентирани актери, на креативен и многу реален и сликовит начин ја прикажаа вербата, надежта и борбата за подобро УТРЕ, соочени со силните притисоци и контрола од страна на моќниците-„ОКОТО".

Втората вечер од Меѓународниот Аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР", беше резервиран за две театарски претстави во Центарот за култура „Григор Прличев". Со почеток во 19 ч. театарската група на Црвен крст Бар, Црна Гора ја прикажа театарската претстава „ПОТРАГА ПО ИЗГУБЕНОТО БОГАТСТВО". Опкружени со војна, омраза, страдања се причина за младите да тргнат во потрага по изгубените вредности и да откријат дека во секој човек тлее искра на хуманост и човечност, на која и треба многу малку за да се разгори. Тоа беше темата на претставата, прекрасно изведена од актерите на театарската група на Црвен крст Бар, Црна Гора. Во вториот термин од 21 ч. младите од театарската група на Црвен крст Крагуевац, Србија ја прикажа театарската претстава „НА НИВ, ЗА НИВ" и на високо професионален начин разработија една прекрасна љубовна приказна, покажувајќи дека театарскиот фестивал ВДИШИ ТЕАТАР е многу повеќе од аматерски.

На третата вечер, на оригинален и храбар начин, преку форум театар, театарската група од Црвен крст Суботица ја изведоа претставата „ЛАНЧАНА РЕАКЦИЈА", во која активно беше вклучена и публиката волонтерите-актерите од театарските групи на Црвен крст Крагуевац и Црвен крст Охрид, со свои видувања за продолжување и текот на соодветни сцени. Со тоа беа спуштени завесите на деветтото издание на Младинскиот аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" што во организација на Црвен крст Охрид од 12 до 16 јуни 2024 г. се одржа во Охрид.

И оваа година Младинскиот аматерски театарски фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР" ги исполна очекувањата на организаторот Црвен крст Охрид, а ценејќи според интересот, посетеноста и позитивните реакции и коментари на публиката, овој фестивал го најде и оправда своето место во охридскиот културен простор. Кога на тоа ќе се додаде и можноста која младите целосно ја искористија да креираат театарската игра и да ја афирмираат својата талентираност и сплотеност без јазични, или било какви други бариери, силните

хумани пораки кои ги упатија преку театарските претстави, контактите и врските воспоставени со меѓусебното дружењето во овие четири дена, со право „ВДИШИ ТЕАТАР“ претставува препознатлив производ и во земјата и во странство, со кој Црвен крст Охрид се гордее.

Изразуваме искрена благодарност до учесниците на фестивалот, до публиката, до волонтерите и вработените во Црвен крст Охрид, до медиумите, до Општина Охрид и до сите институции, фирми и поединци кои го овозможија, поддржаа и помогнаа одржувањето на театарскиот фестивал „ВДИШИ ТЕАТАР“ 2024.

**ПРОЕКТ “Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени”**

Проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ го спроведува Црвен крст Охрид во партнерство со Истражувачко друштво „Урсус спелеос“ – Скопје. Овој проект е поддржан од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT); договорот со PONT беше потпишан на ден 15.08.2022 година, по успешното завршување на проектот „Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица”.

Имплементацијата на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“ започна на 1 септември 2022 година и ќе трае до септември 2025 година. Проектот се реализира со цел зајакнување на капацитетите на Националниот парк Галичица и подигнување на свеста на на локалното население за адаптација кон климатски промени и заштита на загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми. За да се оствари оваа цел, ќе се преземат низа научни, едукативни и активности за јакнење на капацитети за заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица.

Специфични цели на проектот се:

- Менаџментот на Националниот парк Галичица е информиран со научни докази за ефекетите на климатските промени врз пештерските екосистеми и загрозените видови.
- Локалното население разбира како климатските промени влијаат врз пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица и како да се адаптира кон промените.
- Негативните ефекти на климатските промени се ефективно управувани за да се заштити загрозениот биодиверзитет во Националниот парк Галичица.
- Ефективно управување со проектот и ефективна соработка помеѓу партнерите.

Проектните цели ќе се постигнат преку остварување на следниве резултати:

- Резултат 1: Планот за управување со Националниот парк Галичица е ажуриран во однос на ефектите на климатските промени врз пештерските екосистеми и врз загрозените видови
- Резултат 2: Постои капацитет за намалување на и за адаптација кон ефектите на климатските промени врз биолошката разновидност на паркот
- Резултат 3: Поставени се алатки и програми за едукација на ученици од основни училишта, поврзани со влијанието на климатските промени врз ендемични видови растенија и животни во Националниот парк Галичица, вклучувајќи ги и пештерските екосистеми и пештерската фауна
- Резултат 4: Мрежа од основни училишта и невладини организации од охридско-преспанскиот регион овозможува едукација за приспособување кон климатските промени
- Резултат 5: Ученици во основните училишта во охридско-преспанскиот регион ја разбираат потребата од адаптирање кон климатските промени за да се заштитат пештерските

екосистеми и загрозените растителни и животински видови и информирање на општата популација за потребата од заштита на Националниот парк Галичица
- Резултат 6: Црвен крст Охрид и Национален парк Галичица остваруваат ефективна соработка за гаснење шумски пожари, логистичка поддршка, спасување и прва помош при гаснење шумски пожари во Националниот парк Галичица

Низа активности се предвидени за реализација во рамките на проектот, и тоа: научно-истражувачки активности за влијанието на климатските промени врз живиот свет, особено врз загрозените видови, и пештерските екосистеми; едукативни активности чијашто цел е да се зајакне свеста на населението за влијанието на климатските промени врз загрозените растителни и животински видови и пештерските екосистеми и за адаптација кон овие промени; јакнење на локалните капацитети за редуцирање на негативните влијанија на климатските промени и за справување со нивните последици.

Во 2024 година, во рамките на овој проект:

- Продолжи редовниот мониторинг на пештерите Самотска Дупка и Лескоечка воспоставен во првата проектна година. Оваа активност се спроведува во научно-истражувачки цели.
- Напишани и отпечатени беа два прирачници за едукатори за реализација на едукативни активности наменети за ученици во основни училишта. Едниот прирачник е на тема промоција и заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица, а другиот е на тема адаптација кон ефектите на климатските промени и намалување на ризиците од природни катастрофи предизвикани од климатските промени.
- Изработени и отпечатени беа две едукативни игри наменети за ученици во основни училишта. Едната е насловена „Не лути се – адаптирај се!“, а другата „Еко домино“.
- Изработени беа пет едукативни видео-материјали, и тоа: два за пештерите на Галичица, едно за флората и фауната во овој парк, едно за пештерската фауна во Паркот и едно за климатските промени и адаптација кон ризиците од шумски пожари.
- Се воспостави мрежа за еколошка едукација во којашто се зачленија осум основни училишта и три невладини организации од охридскиот и од преспанскиот регион. Исто така, изработена беше програма за работа на оваа мрежа.
- На 14 и 15 септември се одржа обука за едукатори за биолошка разновидност и пештерски екосистеми во Националниот парк Галичица и за влијанието на климатските промени врз нив. Учество во оваа обука зедоа наставници во основни училишта и членови на невладини организации.
- Се одржаа триесет едукативни работилници наменети за ученици во основни училишта, а на теми поврзани со биолошката разновидност, пештерските екосистеми и влијанието на климатските промени во Националниот парк Галичица. Работилниците ги одржаа едукатори што успешно ја завршија обуката за биолошка разновидност и пештерски екосистеми во Националниот парк Галичица и за влијанието на климатските промени врз нив
- Изработени беа идејни решенија за три едукативни катчиња што ќе се уредат во рамките на проектот, а во просториите на следниве објекти: објектот на Јавната установа Национален парк Галичица во Охрид, објектот на Установата во Стење и објектот на Црвен крст Охрид во Велестово.
- Набавено беше теренско возило што ќе се користи за логистички потреби во случај на шумски пожари во Националниот парк Галичица. Возилото е од производителот Foton, модел Tunlad G7.
- Заокружена беше втората проектна година и до донаторот беше доставен вториот годишен извештај.
- Континуирано се одржуваше комуникација и координација со проектниот партнер, како и со вработени во Јавната установа Национален парк Галичица.

**Проект „Денови на солидарност“ поддржан од Општина Охрид**

Со имплементацијата на проектот „Денови на солидарност“, Црвен крст Охрид целеше кон ублажување на страдањата, на мачната реалност на најзагрозените, на најранливите, како и кон промовирање на солидарноста и меѓусебното помагање во нашата заедница. Проектот беше поддржан од Општина Охрид. Целната група беа социјално загрозените домаќинства, едночлени и повеќечлени, од градската и од руралните средини во Општина Охрид.

За да ја постигне целта на овој проект, Црвен крст Охрид предвиде исполнување на два резултати, и тоа:

1. Хуманитарни пакети со прехранбени продукти и со средства за хигиена дистрибуирани до седумдесет домаќинства во социјален ризик во текот на Неделата на солидарност.
2. Школски прибор дистрибуиран до социјално загрозени домаќинства со деца на школска возраст на почетокот на учебната година.

Така, во рамките на овој проект се реализираа следниве активности:

- Набавени беа прехранбени продукти и средства за хигиена со коишто се подготвија седумдесет и еден хуманитарен пакет. Овие пакети беа дистрибуирани до домаќинства во тешка социо-економска состојба од градот Охрид и од неговата околина. До стари лица, лица со телесна попреченост и лица од рурални средини, пакетите беа доставени до нивните домови. Хуманитарните пакети беа доставени до целната група во текот на Неделата на солидарност што се одбележува секоја година, од 12 до 18 април.
- Набавена беше хуманитарна помош во школски прибор којашто беше дистрибуирана до социјално загрозени домаќинства со деца на школска возраст на почетокот на учебната 2024/2025 година. Семејствата до коишто беше дистрибуиран школскиот прибор се од градот Охрид и од руралните средини во општината. Триесет комплети школски прибор беа набавени во рамките на проектот и ги содржеа следниве артикли: тетратки, блокови за цртање, моливи, пенкала, дрвени боици, фломастери, линиари, темперни бои, водени бои, четки за сликање, колаж-хартија, шестар и друг прибор.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

**ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА**

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2024 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имицот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Соработка со волонтер од Мировен корпус - Формиран Дебатен клуб во рамките на Клубот на млади при Црвен крст Охрид - Се одржуваа состаноци на младинскиот дебатен клуб.
- Во соработка со дебатниот клуб од ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски“, се организира и се одржа настан во текот на којшто членови на дебатните клубови настапија со свои говори и учествуваа во дебата од ревијален карактер; Волонтерот од Мировен корпус во текот на 2024 година исто така одржуваше часови по разговорен англиски јазик, наменети за постарите волонтери од групата за грижа за стари лица „Најди време“.

- Во рамки на Меѓународната програма СИЛНА АЛКА која ја спроведуваат организациите на Црвен крст Суботица, Крагуевац, Ужице од Србија, Требиње од Босна и Херцеговина, Бар од Црна Гора и Црвен крст Охрид, и која се одржуваше од 19-21.04.2024 г. во Црна Гора, на 20.04.2024г. во Сутоморе-Црна Гора, во организација на Црвен крст Бар, се одржа ревијален натпревар по прва помош со учество на екипи од сите горенаведени организации на Црвен крст. Црвен крст Охрид на овој натпревар го претставуваше екипа по прва помош од 6 волонтери. Програмата СИЛНА АЛКА и преку првата помош ја потврди својата целисходност и корисност во ширењето на хуманоста, солидарноста, толеранцијата...
- Реализација на заедничка активност со делегација на Црвен крст Суботица, Црвен крст Бар, Црвен крст Крагуевац за Аматерски театарски фестивал „Вдиши Театар“ во период од 12 до 16.06.2025 година
- Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид и оваа година со двајца свои претставници беше дел од делегацијата која го претставуваше НСПС на конгресот од ICAR (Меѓународната Комисија за Алпско Спасување), кој годинава се одржуваше во Солун, Р.Грција, во период од 15-20.10.2024. На конгресот учествуваа повеќе од 700 делегати од службите за спасување во светот. На конгресот, претставниците на ПСС, зедоа активно учество во работните групи за терестријално, хеликоптерско и лавинско спасување.
- Во периодот од 28 до 31 октомври 2024 година, во Кишињев-Молдавија, Црвен крст на Норвешка организираше конференција за Твининг програми. На истата присуствуваа претставници од Црвен крст на Норвешка, Црвен крст Молдавија, Црвен крст Романија, Црвен крст Грузија и претставници од Црвен крст на Република Северна Македонија меѓу кои и секретарот на Црвен крст Охрид, Мимоза Ставрева. Како резултат на претходната успешна Твининг соработка на Црвен крст на Град Скопје со Црвен крст Телемарк, Норвешки Црвен крст упати покана до Црвен крст на РСМ за нови две партнерства во нардениот период од 3 години со можност за продолжување за дополнителни 3 години. На поканата се јавија Црвен крст на Град Скопје за соработка со Црвен крст Осло и Црвен крст Охрид за соработка со Море ог Ромсдал.
- Од 12 до 16 ноември 2024 година во Центарот за тренинг „Солферино во Струга се одржа обука за тренери за EVCA организирана од Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Црвен крст на Република Северна Македонија. EVCA е процес на проценка на ранливоста и на капацитетот на дадена заедница, односно проценка и анализа на ризиците со коишто се соочува таа заедница и на идентификација на дејства со коишто би се редуцирале ризиците. Процесот се спроведува со учество на заедницата и со цел таа да стане порезилиентен. Оваа обука ја проследија тројца учесници од РСМ, меѓу кои и Катерина Наумоска од Црвен крст Охрид.
- Од 6ти до 8ми декември 2024 година, двајца волонтери од Црвен крст Охрид имаа можност да учествуваат на Собранието на Младинската теренска единица „Др.Слободан Пантелиќ“ која делува во рамки на Црвен крст Суботица. За време на посетата, тие се запознаа со активностите и проектите што ги спроведува локалниот тим, стекнувајќи вредно искуство и инспирација за нови иницијативи. Во рамките на програмата, учествуваа на панел дискусија, каде што се разменија креативни идеи и искуства за зачувување на мотивацијата кај волонтерите

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Северна Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои сепредвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2024 година, Службата за барање на Црвен крст Охрид имаше еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

**МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ**

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2024 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.